Службен весник на Република Македонија

Број 141 **29 јули 2016, петок** **година LXXII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3374.	**Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи со бр. 12-886/1 од 28.1.2011 година, за локацијата 157 Кадина река	3
3375.	**Одлука** за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција, санација и доградба на мала хидроелектрична централа „Глажња“	3
3376.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за Сметковниот (Контниот) план за банките	3
3377.	**Одлука** за општите услови за отворање и затворање сметки во Народната банка на Република Македонија	4
3378.	**Одлука** за изменување на Одлуката за начинот и условите за отворање и водење сметки на нерезиденти	5
3379.	**Одлука** за издавање кована пара за колекционерски цели	5
3380.	**Одлука** за пуштање во оптек кована пара за колекционерски цели	6
3381.	**Одлука** за издавање кована пара за колекционерски цели	6
3382.	**Одлука** за пуштање во оптек кована пара за колекционерски цели	6
3383.	**Одлука** за издавање кована пара за колекционерски цели	7
3384.	**Одлука** за пуштање во оптек кована пара за колекционерски цели	7
3385.	**Одлука** за издавање кована пара за колекционерски цели	7
3386.	**Одлука** за пуштање во оптек кована пара за колекционерски цели	8

		Стр.
3387.	**Политика** за изменување на политиката за управување и инвестирање на девизните резерви на Република Македонија	8
3388.	**Упатство** за начинот за вршење на платниот промет со странство	9
3389.	**Правилник** за формата и содржината на гаранцијата за увезен лек	101
3390.	**Решение** за изменување и дополнување на Решението за забрана на увоз и транзит на говеда и диви преживари, семе и ембриони од говеда, говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија од Република Србија	104
3391.	**Решение** за забрана на увоз и транзит на говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија од Република Црна Гора	104
3392.	**Одлука** за утврдување на регулиран максимален приход, регулирана просечна цена за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2016 година на АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје	104
3393.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика за 2016 година	105
3394.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход, просечна цена, како и цени за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување во краен случај со електрична енергија на АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика за 2016 година	106
3395.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија	107
3396.	**Одлука** за утврдување на регулиран максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2016 година на Друштво за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје	110
3397.	**Одлука** за утврдување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2016 година на СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје	110
3398.	**Одлука** за утврдување на регулиран максимален приход за производство на топлинска енергија за греење, надоместок за системски услуги и системска резерва и тарифен став за произведена топлинска енергија за 2016 година на ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје	110
3399.	**Одлука** за утврдување на регулиран максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија за греење и тарифни ставови за 2016 година на ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје	111
3400.	**Објава** за стапката на трошоците за живот и платите за месец јуни 2016 година	111
	Огласен дел	1-48

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3374.

Врз основа на член 44 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.7.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ВОДА ЗА ИЗГРАДБА НА МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО БР. 12-886/1 ОД 28.1.2011 ГОДИНА, ЗА ЛОКАЦИЈАТА 157 КАДИНА РЕКА

Член 1

Со оваа одлука се прогласува едностран раскин на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи со бр. 12-886/1 од 28.1.2011 година со Анексот на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи со бр. 12-517/3 од 20.1.2014 година, за локацијата бр. 157 Кадина река, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, како Концедент и ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани, како Концесионер, поради тоа што Концесионерот не ја изградил малата хидроелектрична централа почитувајќи го рокот утврден во член 15 став (1) од Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи.

Член 2

Против оваа одлука може да се покрене управен спор пред Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-5277/1
26 јули 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

3375.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.7.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И ДОГРАДБА НА МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА „ГЛАЖЊА“

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција, санација и доградба на мала хидроелектрична централа „Глажња“ бр.42-2988/1 од 21 јуни 2016 година („Службен весник на Република Македонија бр. 121/16).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-5986/1
6 јули 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3376.

Врз основа на член 47 став 1 точка 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 103 став 1 точка 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15 и 153/15), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СМЕТКОВНИОТ (КОНТНИОТ) ПЛАН ЗА БАНКИТЕ

1. Во прилогот 1 на Одлуката за Сметковниот (Контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/11, 152/11 и 110/13), по сметката 3111 се додаваат сметките:

„3112 Тековни сметки во странска валута кај НБРМ
3113 Преодна сметка во странска валута кај НБРМ“.

2. По сметката 31170 се додава сметката:

„31171 Ограничени тековни сметки во странска валута кај НБРМ“.

3. По сметката 705103 се додава сметката:

„705104 Тековни сметки на домашните банки во странска валута во МИПС ЕУР системот “.

4. По сметката 9902 се додаваат сметките:

„99020 Хартии од вредност
99021 Парични средства, други платежни инструменти и депозити
99022 Други финансиски средства
99023 Нефинансиски средства“.

5. По сметката 9912 се додаваат сметките:

„99120 Хартии од вредност
99121 Парични средства, други платежни инструменти и депозити
99122 Други финансиски средства
99123 Нефинансиски средства“.

6. По сметката 9952 се додаваат сметките:

„99520 Хартии од вредност
99521 Парични средства, други платежни инструменти и депозити
99522 Други финансиски средства
99523 Нефинансиски средства“.

7. По сметката 9962 се додаваат сметките:

„99620 Хартии од вредност

99621 Парични средства, други платежни инструменти и депозити
99622 Други финансиски средства
99623 Нефинансиски средства“.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

	Гувернер и претседавач на Советот на Народна банка на Република Македонија,
О. бр. 02-15/VIII-2/2016 28 јули 2016 година Скопје	**Димитар Богов,** с.р.

3377.

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 17 став 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 132/12, 43/14, 153/15 и 6/16), член 5 став 1 точка 2, 3 и 4 и член 13 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ број 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15 и 199/15) и член 4 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОТВОРАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ СМЕТКИ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа одлука се пропишуваат општите услови за отворање и затворање сметки на правни лица во Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

2. Народната банка ги отвора сметките од точка 1 на оваа одлука врз основа на писмено барање за отворање сметка и договор склучен со Народната банка.

3. Пред да отвори сметка, Народната банка задолжително го утврдува идентитетот на правното лице, неговиот законски застапник и лицата овластени од него за работа со сметката, врз основа на документацијата пропишана со оваа одлука.

4. Народната банка го идентификува домашното правно лице од точка 3 на оваа одлука, заради отворање сметка, врз основа на следнава документација:

- решение за упис или тековна состојба од трговскиот регистар, регистарот на други правни лица, односно во регистарот на надлежниот орган на Република Македонија, ако уписот во регистарот е пропишан со закон, во хартиена форма или електронски, потпишани со квалификуван сертификат согласно со закон;
- акт од надлежен орган за основање, ако учесникот не е запишан во регистар;
- извод од законот, ако учесникот е основан согласно со закон;
- пријава на овластени лица за располагање со средствата на сметката, со потпис од овластените лица со кои ќе се заверуваат инструментите на платниот промет.

5. Народната банка го идентификува странското правно лице од точка 3 на оваа одлука, заради отворање сметка, врз основа на следнава документација:

- извод од трговскиот регистар или друг регистар каде што се води евиденцијата за правните лица во земјата во која е регистриран субјектот, во хартиена форма не постар од шест месеци или електронски, потпишан со квалификуван сертификат согласно со закон, од кој може да се утврди: датумот на неговото основање, називот, адресата, седиштето и дејноста којашто ја врши;
- пријава на овластени лица за располагање со средствата на сметката, со потпис од овластените лица со кои ќе се заверуваат инструментите на платниот промет.

6. При отворање сметка на правно лице Народната банка може да побара и друга дополнителна документација.

7. Документацијата потребна за отворање сметка на правно лице се доставува во оригинал или фотокопија заверена од нотар или електронски потпишана со квалификуван сертификат согласно со закон.

Народната банка задолжително задржува фотокопија од презентираната документација или ја чува во електронска форма.

8. При отворање сметка на правно лице Народната банка склучува договор со правното лице. Со договорот задолжително се регулираат најмалку следниве работи:

- начин на отворање и затворање на сметката;
- начин на прием и извршување на налозите за плаќање;
- известување за остварените приливи и одливи на сметката;
- сите трошоци или провизии поврзани со работењето со сметката коишто правното лице има обврска да ѝ ги плаќа на Народната банка.

Договорот го потпишуваат лицата овластени за застапување на договорните страни, односно лицата кои тие ќе ги овластат.

9. Народната банка ја затвора сметката на правното лице врз основа на негово писмено барање доколку се исполнети пропишаните услови.

10. Народната банка ја затвора сметката на домашното правно лице и без негово писмено барање доколку домашното правно лице:

- е неактивен субјект чиешто бришење согласно со закон е објавено на веб-страницата на Централниот регистар на Република Македонија;
- престане да постои како правен субјект врз основа на закон, судска одлука или по налог на надлежен орган.

11. Народната банка ги пренесува средствата од затворените сметки на сметката на правниот следбеник или на сметката на правното лице одредено со закон или друг пропис.

Ако со закон или друг пропис не е одреден правниот следбеник или друго правно лице на чија сметка треба да се пренесат средствата, Народната банка ги пренесува средствата од затворените сметки на сметката отворена кај Народната банка наменета за средства коишто не се користат. Народната банка треба за тоа да го извести правното лице кое претходно било овластено да располага со средствата од затворената сметка во рок од 3 (три) работни дена сметано од денот на затворањето на сметката.

Средствата на сметката отворена кај Народната банка, пренесени согласно со став 2 од оваа точка, се распределуваат согласно со Законот за трговските друштва.

12. Сметката на домашното правно лице не може да се затвори доколку на таа сметка се евидентирани неизвршени налози и основи за наплата, а тие не му се пренесени на правниот следбеник и ако не се изврши бришење на задолжницата од Регистарот на задолжници, со исклучок на точка 10 од оваа одлука.

13. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за општите услови за отворање сметки во Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/14).

14. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VIII-3/2016
28 јули 2016 година
Скопје

3378.

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 24 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОТВОРАЊЕ И ВОДЕЊЕ СМЕТКИ НА НЕРЕЗИДЕНТИ

1. Во Одлуката за начинот и условите за отворање и водење сметки на нерезиденти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/16), во точката 3, потточка 3.2, став 1, алинеја 1, зборовите: „лицето доаѓа од држава членка на Европската Унија или од држава“ се заменуваат со зборовите: „лицето е државјанин на земја членка на Европската Унија, земја потписничка на Шенгенскиот договор или земја“.

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VIII-4/2016
28 јули 2016 година
Скопје

3379.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата, содржината и продажната цена за територијата на Република Македонија на кованата пара за колекционерски цели со име „Света Тереза од Калкута“.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање на 5000 (петилјади) парчиња ковани пари за колекционерски цели со име „Света Тереза од Калкута“, изработени од сребро Ag925, со тежина на среброто од 28,28 г, чистота на среброто од 26,16 г и во кружна форма со димензија 38,61 мм.

3. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- на аверсот, во централниот дел на монетата е претставен грбот на Република Македонија и натписот „2016“. Околу монетата, по должината на периметарот, се прикажани натписите на македонски јазик: „Република Македонија“ и „100 денари“.

- на реверсот, во централниот дел на монетата е прикажан портрет на Мајка Тереза. На левата страна, во заднината, се прикажани украси во форма на крстови и срца. Во долниот дел од левата страна е претставен цвет од повитот „Мајка Тереза“ („Matka Teresa“), одгледуван од страна на г. Стефан Франчак, полски језуитски монах. На десната страна се прикажани датумите „1910 – 1997“ (годините на раѓање и на умирање на Мајка Тереза) и „2016“ (годината на нејзината канонизација). Исто така, прикажано е латинското име „Sancta Teresia de Calcutta“ (света Тереза од Калкута), како и името на Мајка Тереза, на македонски и на албански јазик.

4. Продажната цена по која Народната банка ги продава кованите пари за колекционерски цели на територијата на Република Македонија претставува збир од вкупните трошоци за кованието (цената на металот, производството и пакувањето), промоцијата, продажбата, дистрибуцијата и провизијата.

5. Гувернерот на Народната банка одлучува за количината на кованата пара за колекционерски цели којашто ќе се продава и ќе се дистрибуира надвор од територијата на Република Македонија и на територијата на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VIII-6/2016
28 јули 2016 година
Скопје

3380.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 5 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се пушта во оптек кована пара за колекционерски цели со име „Света Тереза од Калкута“, со белезите утврдени во Одлуката за издавање кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/VIII-6/2016 од 28 јули 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/16).

2. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука се пушта во оптек со денот на објавувањето на Одлуката за пуштање во оптек кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/VIII-7/2016 од 28 јули 2016 година во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/VIII-7/2016
28 јули 2016 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

3381.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата, содржината и продажната цена за територијата на Република Македонија на кованата пара за колекционерски цели од серијата „Икони на Пресвета Богородица“, со име „Владимирска“.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање на 500 (петстотини) парчиња ковани пари за колекционерски цели „Владимирска“, изработени од сребро Ag925 и позлата Au999,9, со тежина на среброто од 500 г, тежина на златото од 0,003 г, чистота на среброто од 462,50 г и во форма на правоаголник со димензии 90,00 x 135,00 мм.

3. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- на аверсот, во централниот дел е претставен приказ од Благовештението, врз основа на фреска од македонската црква којашто се наоѓа во селото Старо Нагоричане (од 1313 до 1318 г.). Во горниот дел е прикажано името на издавачот на монетата - Република Македонија (на македонски јазик) и грбот на Република Македонија. Под грбот е прикажана годината на издавање на монетата – „2016“. Во долниот дел од аверсот е прикажана номиналната вредност – „1000 денари“ и ознаката „Ag925“, како и тежината на монетата – „500 г“.

- на реверсот, во централниот дел е прикажан портрет на Пресвета Богородица Владимирска, врз основа на делата на Строгановската школа за иконопис (Русија, крај на XVI век). Украсите околу централната слика, огледалната основа, ѕвездите на облеката и ореолите на Богородица и на детето Исус се позлатени. На долниот дел од монетата е претставен натписот „Владимирска“ на македонски јазик.

4. Продажната цена по која Народната банка ги продава кованите пари за колекционерски цели на територијата на Република Македонија претставува збир од вкупните трошоци за кованьето (цената на металот, производството и пакувањето), промоцијата, продажбата, дистрибуцијата и провизијата.

5. Гувернерот на Народната банка одлучува за количината на кованата пара за колекционерски цели којашто ќе се продава и ќе се дистрибуира надвор од територијата на Република Македонија и на територијата на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/VIII-8/2016
28 јули 2016 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

3382.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 5 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се пушта во оптек кована пара за колекционерски цели од серијата „Икони на Пресвета Богородица“, со име „Владимирска“, со белезите утврдени во Одлуката за издавање кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/VIII-8/2016 од 28 јули 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/16).

2. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука се пушта во оптек со денот на објавувањето на Одлуката за пуштање во оптек кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/VIII-9/2016 од 28 јули 2016 година во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VIII-9/2016
28 јули 2016 година
Скопје

3383.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата, содржината и продажната цена за територијата на Република Македонија на кованата пара за колекционерски цели со име „Година на петелот – петел со ангел“.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање на 5000 (петилјади) парчиња ковани пари за колекционерски цели со име „Година на петелот – петел со ангел“, изработени од сребро Ag925, со тежина на среброто од 28,28 г, чистота на среброто од 26,16 г и во кружна форма со димензија 38,61 мм.

3. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- на аверсот, во центарот на кованата пара се претставени грбот на Република Македонија и натписот „2017“. Околу монетата, по должината на периметарот, се прикажани натписите на македонски јазик: „Република Македонија“ и „100 денари“.

- на реверсот, во центарот на кованата пара е прикажана слика на ангел во боја кој седи во запрежна кола влечена од петел. Ангелот е опкружен со цвеќе. Под и над централниот дел на сликата е прикажан цветен орнамент. По должината на периметарот се наоѓа натпис „Среќна Година на петелот“ на англиски јазик.

4. Продажната цена по која Народната банка ги продава кованите пари за колекционерски цели на територијата на Република Македонија претставува збир од вкупните трошоци за кованието (цената на металот, производството и пакувањето), промоцијата, продажбата, дистрибуцијата и провизијата.

5. Гувернерот на Народната банка одлучува за количината на кованата пара за колекционерски цели којашто ќе се продава и ќе се дистрибуира надвор од територијата на Република Македонија и на територијата на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VIII-10/2016
28 јули 2016 година
Скопје

3384.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 5 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се пушта во оптек кована пара за колекционерски цели со име„Година на петелот – петел со ангел“, со белезите утврдени во Одлуката за издавање кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/VIII-10/2016 од 28 јули 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/16).

2. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука се пушта во оптек со денот на објавувањето на Одлуката за пуштање во оптек кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/VIII-11/2016 од 28 јули 2016 година во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VIII-11/2016
28 јули 2016 година
Скопје

3385.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата, содржината и продажната цена за територијата на Република Македонија на кованата пара за колекционерски цели со име „Година на петелот – ветроказ со петел“.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање на 5000 (петилјади) парчиња ковани пари за колекционерски цели со име „Година на петелот – ветроказ со петел“, изработени од сребро Ag925, со тежина на среброто од 28,28 г, чистота на среброто од 26,16 г и во кружна форма со димензија 38,61 мм.

3. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- на аверсот, во центарот на кованата пара се претставени грбот на Република Македонија и натписот „2017“. Околу монетата, по должината на периметарот, се прикажани натписите на македонски јазик: „Република Македонија“ и „100 денари“.

- на реверсот, во центарот на кованата пара е претставена слика на петел во боја, во облик на ветроказ, со сонце во заднината. Под петелот е прикажана годината на петелот – „2017“. По должината на периметарот се наоѓа натпис „Среќна Година на петелот“ на англиски јазик.

4. Продажната цена по која Народната банка ги продава кованите пари за колекционерски цели на територијата на Република Македонија претставува збир од вкупните трошоци за кованьето (цената на металот, производството и пакувањето), промоцијата, продажбата, дистрибуцијата и провизијата.

5. Гувернерот на Народната банка одлучува за количината на кованата пара за колекционерски цели којашто ќе се продава и ќе се дистрибуира надвор од територијата на Република Македонија и на територијата на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/VIII-12/2016 28 јули 2016 година Скопје	Гувернер и претседавач на Советот на Народна банка на Република Македонија, **Димитар Богов,** с.р.

3386.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 5 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се пушта во оптек кована пара за колекционерски цели со име „Година на петелот – ветроказ со петел“, со белезите утврдени во Одлуката за издавање кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/VIII-12/2016 од 28 јули 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/16).

2. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука се пушта во оптек со денот на објавувањето на Одлуката за пуштање во оптек кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/VIII-13/2016 од 28 јули 2016 година во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/VIII-13/2016 28 јули 2016 година Скопје	Гувернер и претседавач на Советот на Народна банка на Република Македонија, **Димитар Богов,** с.р.

3387.

Врз основа на член 47 став 1 точка 3 и 18, а согласно со член 7 став 1 точка 4, член 24 и 41 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

П О Л И Т И К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ И ИНВЕСТИРАЊЕ НА ДЕВИЗНИТЕ РЕЗЕРВИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Политиката за управување и инвестирање на девизните резерви на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 223/15) во точка 4 ставот 4, алинеја 3 се менува и гласи:

„Инвестициско портфолио, коешто може да има инвестициски период над една година и со кое се управува заради зголемување на повратот на девизните резерви, како и за покривање на непредвидените обврски на подолг рок заради одржување на макроекономската и финансиската стабилност на земјата. Ова портфолио се инвестира во финансиски инструменти со повисок ризик заради остварување повисок поврат од инвестициите, меѓутоа согласно со толеранцијата на ризик утврдена со оваа политика. Во рамки на инвестициското портфолио, одреден дел од хартиите од вредност можат да се класифицираат како хартии од вредност чувани до достасување, најмногу до 750 милиони евра во противвредност, со максимална рочност до 10 години.“

2. Во точка 14 ставот 1, зборовите „односно позитивен поврат во текот на инвестициски период од две години“ се бришат.

3. Оваа политика влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

П. бр. 02-15/VIII-1/2016 28 јули 2016 година Скопје	Гувернер и претседавач на Советот на Народна банка на Република Македонија, **Димитар Богов,** с.р.

3388.

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), член 26 став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16) и точка 14 од Одлуката за начинот на вршење на платен промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/11), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишува начинот за вршење на платниот промет со странство, обрасците и другите документи коишто се употребуваат во платниот промет со странство, како и начинот на известување за потребите на Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

2. За потребите на ова упатство одделните поими го имаат следново значење:

- **Банка -** овластена банка и филијала на странска банка која ги исполнува условите за вршење финансиска активност - платен промет со странство согласно со Законот за банките и Законот за Народната банка на Република Македонија;

- **Приливна банка** - банка којашто прима девизи на својата тековна сметка во странство или кај Народната банка, односно банка којашто ја води тековната сметка на нерезидентот на товар на која се извршува плаќањето;

- **Исплатна банка** - банка којашто ги одобрува средствата на тековната сметка на корисникот;

- **Тековна сметка** - трансакциска сметка преку која се вршат наплати и плаќања, преноси на средства, како и уплати и исплати во ефективни странски пари.

- **Сметка** - сметка пропишана со Одлуката за Сметковниот (Контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/11, 152/11 и 110/13).

3. Платниот промет со странство се врши преку тековните сметки во странска валута на банките отворени во странство и во Република Македонија, како и преку тековните сметки во странска валута или во денари на нерезиденти отворени кај банки во Република Македонија.

   Народната банка го врши платниот промет за потребите на државата и државните органи.

   Народната банка им овозможува на овластените банки пристап до странски платни системи заради вршење платен промет со странство.

4. Наплатите и плаќањата во платниот промет со странство се вршат со вообичаените инструменти на меѓународниот платен промет (дознака, инкасо-документи, акредитив, чекови и други инструменти на безготовинско плаќање), како и со ефективни странски пари.

5. Банките ги евидентираат трансакциите во странска валута на девизните сметки во денарска противвредност, во согласност со Одлуката за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/10, 165/12, 50/13 и 110/13), како и во оригиналната валута.

II. ПЛАТЕН ПРОМЕТ ВО СТРАНСКИ ВАЛУТИ

НАПЛАТИ ОД НЕРЕЗИДЕНТИ

6. За пристигнатиот прилив врз основа на наплата од нерезидент, банката е должна да го извести корисникот на наплатата најдоцна наредниот ден од денот на приемот на известувањето за одобрување на средства во корист на својата тековна сметка во странство или кај Народната банка или во друга банка во земјата, со правилно пополнет образец 743 - Извештај за наплата од странство (во натамошниот текст: образец 743), кој е пропишан со ова упатство и претставува негов составен дел.

   Како правилно пополнет образец се смета образецот во кој се пополнети сите задолжителни рубрики од дел I од образецот 743 согласно со извештајот од странската банка или налогот на нерезидентот, како и рубриката број 7 за основот доколку банката располага со информација за видот на трансакцијата, или соодветниот основ за кој банката согласно со ова упатство е задолжена да го пополни.

   Банката го изготвува образецот 743 во потребниот број примероци согласно со потребите на корисникот на наплатата и банката.

7. По известувањето на корисникот на наплатата, банката спроведува постапка за одобрување на наплатата на тековната сметка на корисникот согласно со одредбите во делот „Одобрување на наплата на тековна сметка на корисникот на наплата" од ова упатство.

НАПЛАТИ СО ДОЗНАКИ И ИНКАСО-ДОКУМЕНТИ

8. Наплатата со дознака преку тековната сметка на банката во странство или кај Народната банка или преку тековната сметка во странска валута на нерезидентот кај банката, банката ја обработува на начинот опишан во точката 6 од ова упатство.

   Ако приливната банка едновремено е и исплатна банка, книжи:

   - на товар на сметката 3100 или 3112; соодветна сметка од групата 708
   - во корист на сметката 2952.

9. Ако приливната банка едновремено не е и исплатна банка, приливната банка мора да ја извести исплатната банка, односно Народната банка во случај кога е исплатна банка за државата и државните органи, по најкраток можен пат, за применото покритие и да ги одобри средствата на исплатната банка, односно Народната банка најдоцна наредниот ден по приемот на девизните средства на својата тековна сметка во странство, односно кај Народната банка, или по добиениот налог од нерезидентот за наплата од неговата тековна сметка во

странска валута. Одобрувањето на средствата на исплатната банка се врши на тековната сметка на исплатната банка кај приливната банка (сметка 705100) или на тековната сметка на приливната банка кај исплатната банка (сметка 3110), или на тековната сметка на исплатната банка кај Народната банка (сметка 3112). Притоа, приливната банка ги одобрува средствата на тековната сметка на исплатната банка во иста странска валута со која и самата била одобрена.

Приливната банка го обработува пристигнатиот прилив со образецот 743, при што во рубриката 12 го наведува матичниот број на исплатната банка, во рубриката 7 го применува основот 900 и книжи:

- на товар на 3100 или 3112, соодветна сметка од групата 708
- во корист на сметката 705100 или 3110 или 3112.

Во случај одобрувањето на средствата помеѓу приливната и исплатната банка да се врши со посредство на СВИФТ, банката ја применува постапката за приливна банка опишана во примерите 1, 2 и 6 од прилогот бр. 8 „Трансакции во девизи со посредство на две домашни банки". Во спротивно, приливната банка ѝ доставува примерок на исплатната банка од образецот 743, најдоцна наредниот ден од денот на приемот на девизните средства на својата тековна сметка во странство, или по добиениот налог од нерезидентот за наплата од неговата тековна сметка.

10. Исплатната банка, примените средства од приливната банка, кои едновремено претставуваат и наплата од нерезидент, ги обработува на начинот опишан од точката 6 од ова упатство, при што во образецот 743 во рубриката 12 го наведува матичниот број на приливната банка, во рубриката 7 го применува основот 900 и книжи:

- на товар на сметката 3110 или 705100 или 3112
- во корист на сметката 2952.

Во случај одобрувањето на средствата помеѓу приливната и исплатната банка да се врши со посредство на СВИФТ, банката ја применува постапката за исплатна банка опишана во примерите 1, 2 и 6 од прилогот бр. 8 „Трансакции во девизи со посредство на две домашни банки".

11. Банката ја обработува и ја книжи примената наплата од нерезидент со инкасо-документи на ист начин како и наплатата која се врши со дознака.

Банката ја евидентира наплатата примена преку Народната банка којашто овозможува пристап до странски платни системи, на сметката 3112, независно од применетиот инструмент на плаќање.

НАПЛАТИ СО АКРЕДИТИВ

12. Наплатата со акредитив банката ја обработува најдоцна наредниот ден од денот кога е одобрена вредноста од испратените акредитивни документи е одобрена на нејзината тековна сметка во странство, на начинот опишан во точката 6 од ова упатство, при што во образецот 743 ја применува шифрата на инструментот на плаќање 5 и книжи:

- на товар на сметката 3100
- во корист на сметката 2952.

13. Ако наплатата се извршува со покриен акредитив, применото покритие за отворениот акредитив банката го обработува со образецот 746, шифра на основ 620, и книжи:

- на товар на сметката 3100,
- во корист на сметката 708503.

Исплатата по акредитивот банката ја обработува најдоцна наредниот ден од денот на приемот на исправните акредитивни документи или исполнувањето на договорените акредитивни услови, на начинот опишан во точката 6 од ова упатство при што во образецот 743 ја применува шифрата на инструментот на плаќање 5, соодветна шифра на основ и книжи:

- на товар на сметката 708503,
- во корист на сметката 2952.

14. Наплатата со акредитив на товар на девизната тековна сметка на нерезидентот кај банката, ја обработува банката кај која е отворен акредитивот најдоцна наредниот ден од денот на приемот на исправната документација или исполнување на акредитивните услови согласно со одредбите од точките 9 и 10, како и точките 12 и 13 од ова упатство.

15. Банката го евидентира применот лоро-акредитив на сметките за вонбилансна евиденција.

НАПЛАТА СО ЧЕК

- Наплата со чек влечен на странска банка платлив по презентација

16. Наплатата со чек платлив по презентација, банката ја обработува на начинот опишан во точка 6 од Упатството и книжи:

- на товар на сметката 3010
- во корист на сметката 2952, соодветна сметка од групата 70

Износот на кој гласи чекот т.е. наплатата, банката го прикажува во колоната „разни основи" во спецификацијата бр. 55 од прилогот бр. 2 од ова упатство.

Заедно со чекот, корисникот на наплатата на банката ѝ ги доставува потребните податоци за одобрување на неговата тековна сметка, коишто банката ги внесува во делот II од образецот 743.

17. Откупениот чек банката го испраќа за наплата во странство со образецот 746 или со интерен налог, шифра на основ 620 и книжи:

- на товар на сметката 3011
- во корист на сметката 3010

Износот на испратениот чек заради наплата во странство банката го прикажува во колоната „преноси во странство" во спецификацијата бр. 55 од прилогот бр.2 од ова упатство.

Пристигнатиот прилив по испратениот чек за наплата во странство, банката го обработува со налогот 746, шифра на основ 620 и книжи:

- на товар на сметката 3100
- во корист на сметката 3011

- Наплата со чек влечен на странска банка примен на инкасо

18. Банката го евидентира примениот чек на инкасо, на сметките за вонбилансна евиденција и го испраќа за наплата во странство. Пристигнатиот прилив од инкасо чекот испратен за наплата во странство, банката го обработува како наплата со дознака на начинот опишан од точките 8 или 9 и 10 од ова упатство, во зависност од начинот на кој е пристигнат приливот.

- Наплата со чек влечен на домашна банка платлив по презентација кај истата банка

19. Применото покритие на тековната сметка на банката во странство по чек кој е влечен на неа, банката го обработува со налогот 746, шифра на основ 620 и книжи:
    - на товар на сметката 3100
    - во корист на сметката 708505.

20. По презентацијата на чекот, банката ја обработува наплатата најдоцна наредниот ден од денот на приемот на чекот со образец 743 на начинот опишан во точката 16 од ова упатство.

21. Наплатата на чекот на товар на применото покритие, банката ја обработува со образецот 746, шифра на основ 620 и книжи:

    - на товар на сметката708505
    - во корист на сметката 3010.

    Износот на наплатениот чек, банката го прикажува во колоната „преноси во странство" во спецификацијата бр. 55 од прилог бр. 2 од ова упатство.

- Наплата со чек влечен на друга домашна банка платлив по презентација

22. Банката на која и е поднесен чек платлив по презентација влечен на друга домашна банка, наплатата ја обработува со образец 743 на начинот опишан во точка 16 од ова упатство.

23. Покритието за исплатениот чек, исплатната банка го обезбедува од банката на која е влечен чекот. Банката на која е влечен чекот ги одобрува средствата на исплатната банка најдоцна наредниот ден од приемот на чекот (во корист на сметката 3110 или 705100).

- Наплата со чек влечен на странска банка која има сметка кај домашна банка платлив по презентација

24. Наплатата со чек платлив по презентација влечен на товар на тековната сметка на странската банка кај домашната банка, банката ја обработува со образецот 743 на начинот опишан во точките 6 и 7 од ова упатство.

25. Наплатата со чек платлив по презентација кој го влече странската банка на товар на својата тековна сметка која се води кај друга банка, банката кај која корисникот на наплатата го поднесува чекот заради наплата (исплатна банка), ја обработува наплатата по тој чек на начинот опишан во точка 16 од ова упатство.

Банката кај која се води тековната сметка на странската банка ги одобрува средствата на исплатната банка најдоцна наредниот ден од приемот на чекот.

НАПЛАТА ВО ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ

26. Наплатата од нерезидент во ефективни странски пари, банката ја обработува истиот ден кога корисникот на наплатата - резидент ќе ги уплати ефективните странски пари, на начинот опишан од точката 7 од ова упатство, со образецот 743, шифра на инструментот на плаќање „7" и книжи:

- на товар на сметката 3000
- во корист на сметката 2952; соодветна сметка од групата 70

Износот на наплатата банката го прикажува во колоната „разни основи" во спецификацијата бр. 53 од прилог бр. 2 од ова упатство.

Истовремено со ефективните странски пари, корисникот на наплатата на банката ѝ ги доставува потребните документи согласно со „Одлуката за условите под кои резидентите можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари во трансакции со нерезиденти" и податоци за одобрување на неговата тековна сметка коишто банката ги внесува во делот II од образецот 743.

ОДОБРУВАЊЕ НА НАПЛАТАТА НА ТЕКОВНА СМЕТКА НА КОРИСНИКОТ НА НАПЛАТАТА

27. Корисникот на наплатата ѝ ги доставува на банката сите потребни податоци за одобрување на средствата на неговата тековна сметка во странска валута, односно ѝ го доставува дополнетиот образец 743 во делот II согласно со точката 162 од ова упатствово рок од пет работни дена од денот на приемот на известувањето од банката.

Банката ги доставува податоците од дополнетиот образец 743 до Народната банка со извештајот за состојбата и прометот на соодветната сметка од прилогот бр. 3.
Како ден на прием на известувањето од банката е денот на кој банката, согласно со интерните процедури за работа, смета дека корисникот на наплатата е известен.

28. Корисникот на наплатата, во прилог на дополнетиот образец 743, на банката ѝ доставува и соодветен документ за следниве трансакции:

- наплата на дивиденди и други добивки од вложување на резидент во странство, како и повлекување влог (директни инвестиции): доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централниот регистар на Република Македонија;
- наплата врз основа на продажба на недвижности во странство во сопственост на резидент, како и наплата на доход од недвижноста: доказ за извршен упис во регистарот на недвижности на резиденти во странство при Централниот регистар на Република Македонија;

- наплата врз основа на издавање и воведување домашни хартии од вредност во странство: доказ за извршена пријава до Комисијата за хартии од вредност;
- наплата на главнина и камата по одобрени кредити на нерезиденти кои согласно со „Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи", се предмет на поединечно известување: известување за евидентирана кредитна работа во Народната банка;
- пренос на средства од сметка на резидент во странска банка на неговата сметка во домашна банка: документ согласно со „Одлуката за начинот и условите под кои резидентите кои не се овластени банки можат да отвораат и да имаат сметки во странство";
- наплата врз основа на продажба на хартии од вредност, во случај на поврзување и спојување на Македонската берза за хартии од вредност со други странски берзи (портфолио-инвестиции): договор со „СЕЕ линк" ДОО Скопје, како и еден од следниве четири документи - извод од сметка за сопственост на хартии од вредност издаден од соодветниот странски депозитар, или извештај за продажба на хартии од вредност издаден од овластен учесник на странската берза, или договор за чување хартии од вредност (старателски услуги) склучен меѓу резидент и домашна банка/брокерска куќа, или договор за управување со портфолио (средства) склучен меѓу резидентот и банка/брокерска куќа/друштво за управување со инвестициски фондови;
- наплата врз основа на дивиденди, камати и други приноси од хартии од вредност, при вложувања на резиденти во случај на поврзување и спојување на Македонската берза за хартии од вредност со други странски берзи (портфолио-инвестиции): извод од сметка за хартии од вредност издаден од соодветен странски депозитар или известување/документ за исплатена дивиденда, камата или други приноси од хартии од вредност.

29. За вистинитоста на податоците од точка 27 од ова упатство и автентичноста на доставената документација од точка 28 од ова упатство, одговорноста ја има корисникот на наплатата.

30. Исплатната банка, по приемот на правилно дополнетиот образец 743 и приложената документација од точка 28 од ова упатство, ја одобрува тековната сметка на корисникот на наплатата во износ и странска валута во кои и самата била одобрена (соодветна сметка од класа 70) најдоцна наредниот ден.

31. Банката ги задржува приложените документи од точките 28 и 33 од ова упатство.

32. Ако корисникот на наплатата ѝ даде налог на исплатната банка за пренос на средствата на неговата тековна сметка во странска валута во друга банка, банката ја одобрува тековната сметка на другата банка со образецот 746 најдоцна наредниот ден од денот на приемот на налогот, на начинот опишан во примерот бр. 3 од прилогот бр. 8 „Трансакции во девизи со посредство на две домашни банки".

    Во случај преносот на средствата помеѓу банките од став 1 од оваа точка да не се врши со посредство на СВИФТ, исплатната банка ѝ доставува примерок од образецот 746 на банката на која го врши преносот најдоцна наредниот ден од денот на приемот на налогот од резидентот.

Банките, по налог на резидент, постапуваат на начинот опишан во оваа точка и при преносот на средства од тековната сметка во странска валута на резидентот кај една банка на неговата тековна сметка во странска валута кај друга банка.

33. Доколку како корисници на наплатата од нерезидент се два или повеќе резиденти - содоговарачи по основ на извршување комерцијални работи врз основа на договор, корисникот на наплатата ја наведува сопствената тековна сметка и тековната сметка на содоговарачите, на кои банката треба да ги одобри девизните средства, во рубриката 16. Корисникот на наплатата на банката и доставува копија од договорот.

34. Ако корисникот на наплатата во утврдениот рок од точката 27 од ова упатство не ѝ ги достави на банката сите потребни податоци и соодветна документација од точката 28 од ова упатство за одобрување на неговата тековна сметка во странска валута, банката не смее да му овозможи на корисникот на наплатата располагање со приливот и во рубриката 15 од образецот 743 ја наведува шифрата на основот 910.

    Приливот за кој корисникот на наплатата во утврдениот рок нема да ги достави сите потребни податоци и соодветна документација, најдоцна наредниот ден по истекот на рокот банката го пренесува на соодветна потсметка во рамките на сметката 2952 која банката сама ја утврдува.

    По истекот на утврдениот рок од точката 27 од ова упатство ,банката ја одобрува тековната сметка на корисникот на наплатата во странска валута единствено по приемот на сите потребни податоци и соодветна документација за одобрување на неговата тековна сметка.

35. Наплатата од нерезидент, банката може директно да ја одобри на тековната сметка на корисникот на наплата, доколку располага со претходна писмена информација добиена од корисникот за: видот на трансакцијата, бројот на тековната сметка на која треба да се одобри наплатата и соодветен документ ако е предвиден со ова упатство. Во тој случај, банката го пополнува образецот 743 во деловите I и II.

    По исклучок од став 1 на оваа точка, наплатите од нерезидент - физичко лице за корисник резидент - физичко лице врз основа на лични трансфери на средства, банката може да ги одобри директно на тековната сметка на корисникот на наплатата, без претходна писмена информација добиена од корисникот - физичко лице, доколку во известувањето за пристигнатата наплата добиена од странската банка е наведено дека станува збор за личен трансфер на средства.

    Банката може да ја спроведе постапката на директна наплата без претходна писмена информација добиена од корисникот и во случаи кога се работи за наплати за корисник резидент - физичко лице врз основа на пензии, плати, социјални примања, ренти и поврат на даноци од странство, доколку во известувањето за пристигнатата наплата добиена од странската банка јасно е наведено дека станува збор за наплати по овие основи добиени од нерезиденти - правни лица.

36. Известувањето на банката до корисникот на наплата за пристигнатиот прилив, како и доставувањето на потребните податоци од корисникот на наплатата за одобрување на средствата на неговата тековна сметка и соодветниот документ до банката, може да се вршат и во електронски формат согласно со Законот за електронски потпис.

37. Народната банка на Република Македонија може дополнително да побара од корисникот на наплатата или од банката приложување документација со која ќе се утврди основот на наплатата како и да ја провери правилноста на веќе пополнетите шифри во образецот 743.

ПЛАЌАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ

38. За плаќање во странство или во корист на тековната сметка на нерезидент во земјата, налогодавачот - резидент ѝ поднесува на банката уреден налог. Под уреден налог се смета налог:

- кој е даден на пропишан образец: *образец 1450* - Налог за извршување на дознака во странство/исплата по акредитив (во натамошниот текст: образец 1450); или *образец 1451* - Налог за отворање акредитив (во натамошниот текст: образец 1451), кои се пропишани со ова упатство и претставуваат негов составен дел;
- кој е правилно пополнет и заверен на начинот предвиден со ова упатство во точката 162;
- со кој е приложен документ од кој може да се утврди обврската и основот за плаќање;
- за кој е обезбедено денарско или девизно покритие кај банката.

39. Банката го прифаќа поднесениот налог за извршување ако се исполнети условите од точката 38 од ова упатство, во спротивно го враќа или го известува налогодавачот за утврдените неуредности најдоцна наредниот ден од денот на поднесувањето.

Банката на образецот 1450, во рубрика 10, го впишува датумот кога го прифатила за извршување и истиот го извршува со датум на валута на извршување на плаќањето во странство најдоцна третиот работен ден од датумот на прифаќање на налогот, освен ако со налогодавачот не е поинаку договорено.

40. Налогодавачот го изготвува образецот 1450 или 1451 во потребниот број примероци согласно со потребите на налогодавачот и банката.

Банката ги доставува податоците од образецот 1450 до Народната банка, заедно со извештајот за состојбата и прометот на соодветната сметка од прилогот бр.3.

41. Налогодавачот со образецот 1450 на банката ѝ доставува документ врз основа на кој може да се утврди основот и обврската за плаќање и тоа:

- за плаќања по тековни трансакции: ЕЦД за увезени стоки, склучен договор, фактура, профактура или друг документ соодветен за конкретната работа;
- за плаќање на дивиденди и други добивки од вложување на нерезидент во Република Македонија, како и за пренос на остатокот од ликвидациската маса: доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централниот регистар на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција, доказ за сопственоста на акциите односно уделите и одлука од надлежен орган на друштвото за распределба и исплата на добивката, судско решение за ликвидација или

извод од Централниот регистар на Република Македонија за тековната состојба и доказ од надлежен орган дека се намирени законски пропишаните обврски врз основа на даноци и придонеси кон државата за соодветната капитална трансакција;

- за повлекување капитал на нерезидент од продажба на акции во домашно друштво на резидент: доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централен регистар на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција;
- за повлекување капитал на нерезидент од продажба на удели во домашно друштво на резидент: договор за продажба, и доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централниот регистар на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција;
- за вложување од страна на резидент во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на капиталот во странското друштво, со што резидентот се стекнува со учество над 10% од капиталот на странското друштво: договор за вложување ако друштвото се основа со мешовит капитал или акт за основање на друштвото ако се основа во целосна сопственост на резидентот, потврдени од нотар или извештај за склучена трансакција од брокерската куќа согласно со член 17 од Законот за девизно работење;
- за плаќање врз основа на купени странски сопственички и должнички хартии од вредност од страна на резиденти, кои се тргуваат на странските пазари, портфолио-инвестиции, согласно со член 14 од Законот за девизно работење: извештај за склучена трансакција од брокерската куќа;
- за плаќање врз основа на купување на недвижности во странство, согласно со член 11 од Законот за девизно работење: договор или друг документ со кој се стекнува недвижноста;
- за плаќање врз основа на купување недвижност во Република Македонија која ја поседувал нерезидент, како и за плаќање на доход од недвижноста во сопственост на нерезидент: доказ за извршен упис во регистарот на недвижности на нерезиденти во Република Македонија при Централниот регистар на Република Македонија;
- за плаќање на главнина и камата по земени кредити од нерезиденти коишто согласно со „Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи" се предмет на поединечно известување: известување за евидентирана кредитна работа во Народната банка; а за останатите кредитни работи: договор со нерезидентот;
- за еднострани лични трансфери на средства над 2500 ЕУР: за плаќање врз основа на семејни заеми, подароци и мираз - договор заверен на нотар; за плаќање врз основа на наследство - судска или извршна исправа; за плаќање врз основа на завештанија - завештаен тестамент заверен од надлежен суд и правила (статут) за користење на завештанието; за плаќање врз основа на намирување долгови на доселеник кон матичната земја - документ за ненамирен долг издаден од матичната земја; за плаќање врз основа на пренос на средства на иселеник во странство - иселеничка виза; за плаќање врз основа на добивки од игри на среќа (во корист на лица кои не се резиденти) - лиценца за приредување игри на среќа во казино, издадена од Владата на Република Македонија и дневна пресметка во која се прикажани сите обврски за плаќање кон учесниците во игрите и состојбата на приходите од игрите на среќа, потврдена од одговорното лице на друштвото;

- за пренос на средства од сметка на резидент кај домашна банка на неговата сметка кај странска банка: документ согласно со „Одлуката за начинот и условите под кои резидентите кои не се овластени банки можат да отвораат и да имаат сметки во странство";
- за плаќање по основ на извршна исправа: извршната исправа; во случај на присилно плаќање по истиот основ: налог за извршување од овластен извршител и извршната исправа. Кај плаќањата за капитални трансакции врз основа на извршна исправа и присилно плаќање врз основа на извршна исправа се доставува и доказ од надлежен орган дека се намирени законски пропишаните обврски врз основа на даноци и придонеси кон државата, ако за основната работа за која настанала обврската за плаќање е предвидено приложување на таков доказ;
- за вложување во хартии од вредност на странски берзи со кои Македонската берза за хартии од вредност склучила договор за поврзување и спојување (портфолио-инвестиции): договор со „СЕЕ линк" ДОО Скопје.

По исклучок на став 1 алинеја 1 од оваа точка, обврската за доставување документ врз основа на кој може да се утврдат основот и обврската за плаќање во странство не се однесува за корисник на технолошката индустриска развојна зона основана согласно со закон, којшто ќе ѝ доставува на банката список на лица на кои ќе им ги врши плаќањата во странство, најмалку еднаш во текот на 12 месеци.

42. Трансфери во странство на домашни физички лица коишто се однесуваат на семејни животни трошоци (престој во странство заради школување, лекување и други трошоци), како и за лични трансфери на средства во противвредност до 2.500 ЕУР месечно, може да се извршат без презентација на соодветниот документ, т.е. доволна е информацијата од резидентот врз основа на која се утврдува основот на плаќањето.

43. За вистинитоста на податоците и автентичноста на приложената документација од точката 41 од ова упатство одговорноста ја има налогодавачот.

44. Банката ги задржува приложените документи од точката 41 од ова упатство.

45. За плаќање на нерезидент врз основа на поднесен уреден налог, банката може директно да ја задолжи тековната сметка на налогодавачот - резидент и при книжењето на плаќањето да не ја користи преодната сметка 7191.

    За плаќање на нерезидент, банката може на писмено барање на налогодавачот - резидент во негово име да изготви образец 1450 доколку располага со: потребните информации за негово пополнување согласно со точката 162 од ова упатство, соодветен документ предвиден во точката 41 од ова упатство и обезбедено покритие, добиени од налогодавачот.

46. Доставувањето уреден налог од налогодавачот до банката, како и неговото прифаќање од страна на банката, може да се врши и во електронски формат согласно со Законот за електронски потпис.

47. Народната банка на Република Македонија може дополнително да побара од налогодавачот приложување документација со која ќе се утврди основот на плаќање, како и да ја провери правилноста на веќе пополнетите шифри на основот во образецот 1450.

ПЛАЌАЊЕ СО ДОЗНАКА И ИНКАСО-ДОКУМЕНТИ

48. Плаќањето со дознака преку тековната сметка на банката во странство или кај Народната банка или преку тековната сметка на нерезидентот во странска валута кај домашна банка, банката го извршува со образецот 1450 врз основа на уреден налог согласно со одредбите од точките 38 до 42 од ова упатство.

49. За плаќањата коишто се вршат *со дознака*, налогодавачот го обезбедува потребното покритие од средствата на неговата тековна сметка во странска валута, од средствата на неговата денарска тековна сметка или од одобрен кредит во девизи согласно со „Одлуката за условите и начинот на одобрување кредити во девизи и кредити во денари со девизна клаузула меѓу резиденти".

    Плаќањето на нерезидентот за кое е обезбедено покритие на еден од горенаведените начини, банката го извршува согласно со став 2 од точката 39 од ова упатство со образецот 1450 и книжи:

    - на товар на сметката 7191
    - во корист на сметката 3100 или 3112, соодветна сметка од групата 708.

50. Ако плаќањето на нерезидент се извршува преку тековната сметка на нерезидентот која се води кај друга домашна банка, банката којашто го прима налогот од резидентот (банка на налогодавачот) постапува на начинот опишан во точките 48 и 49 од ова упатство и книжи:

    - на товар на сметката 7191
    - во корист на сметката 705100 или 3110.

    Ако преносот на средствата до банката кај која се води тековната сметка на нерезидентот се врши со посредство на СВИФТ, банката ја применува постапката опишана во примерот 5 од прилогот бр. 8 „Трансакции во девизи со посредство на две домашни банки", во спротивно најдоцна наредниот ден од преносот на средствата ѝ доставува на банката кај која се води тековната сметка на нерезидентот примерок од образецот 1450.

51. Банката кај која се води тековната сметка на нерезидентот ги обработува примените средства со налогот 1450, го применува основот за видот на трансакцијата наведен од банката на налогодавачот во СВИФТ пораката или добиениот образец 1450 и книжи:

    - на товар на сметката 3110 или 705100
    - во корист на соодветната сметка од групата 708.

52. За плаќање со *инкасо-документ*, банката којашто го примила документот го известува резидентот кој има обврска да плати и го повикува да поднесе уреден налог со образецот 1450 на начинот опишан од точките 38 до 42 од ова упатство.

    Банката плаќањето го извршува на начинот опишан од точка 49 до 50 од ова упатство.

Банката го евидентира плаќањето извршено преку Народната банка којашто овозможува пристап до странски платни системи, на сметката 3112, независно од применетиот инструмент на плаќање.

ПЛАЌАЊЕ СО АКРЕДИТИВ

53. За плаќање на нерезидент *со акредитив*, налогодавачот на банката преку која го врши плаќањето ѝ поднесува уреден налог согласно со одредбите од точките 38 до 42 од ова упатство со образецот 1451- Налог за отворање на акредитив.

За плаќањата коишто се вршат со акредитив, налогодавачот го обезбедува потребното покритие на начинот опишан во став 1 од точката 49, во рокови коишто ќе ги договори со банката, а најдоцна пред исплатата по отворениот акредитив.

а) Ако налогодавачот со налогот за отворање акредитив - образец 1451 едновремено го уплаќа и покритието, банката го книжи применото покритие на истиот образец во корист на сметката 7192.

б) Ако налогодавачот и банката се договориле за одложена уплата на покритието, банката ги наведува договорениот датум и сметката преку која налогодавачот ќе го обезбеди покритието во рубриката 11 од образецот 1451 . Банката го обработува применото покритие со образецот 746 или интерен налог и го книжи во корист на сметката 7192.

Банката го евидентира отворениот ностро-акредитив на сметките за вонбилансна евиденција.

54. За плаќање на нерезидент по акредитив, банката, врз основа на налогот од резидентот поднесен со образецот 1451, го изготвува образецот 1450 - извештај за исплата по акредитив во делот I и II, шифра на инструмент на плаќање 5, и книжи:

- на товар на сметката 7192
  - во корист на сметката 3100,соодветна сметка од групата 708.

55. Ако за отворениот ностро-акредитив банката уплатува/издвојува покритие на наменска сметка во странство за покриени акредитиви, тоа го врши со образецот 746, шифра на основ 625 и книжи:

- на товар на сметката 315
  - во корист на сметката 3100.

56. За плаќање на нерезидент со ностро-акредитив за кој е уплатено/издвоено покритие на наменска сметка во странство за покриени акредитиви, банката, врз основа на налогот од резидентот поднесен со образецот 1451, го изготвува образецот 1450 - извештај за исплата по акредитив во дел I и II, шифра на инструмент на плаќање 5, и книжи:

- на товар на сметката 7192
  - во корист на сметката 315.

Доколку плаќањето по ностро-акредитивот не се изврши во целост или делумно, банката го обработува неповлечениот дел со образецот 746 и шифра на основ 625.

ПЛАЌАЊЕ СО ЧЕК

57. Плаќањето *со чек* којшто го издава банката, банката го извршува врз основа на правилно пополнет образец 1450 согласно со одредбите од точките 38 до 42 од ова упатство.

Применото покритие од налогодавачот за издадениот чек во странска валута, банката го книжи во корист на сметката 7191.

За издадениот чек во странска валута банката, со образецот 746, шифра на основ 625, книжи:

- на товар на сметката 7191
- во корист на сметката 2290.

Банката којашто го издава чекот го задржува образецот 1450 до приемот на известувањето од странската банка за задолжување на нејзината тековна сметка во странство за искористениот чек. По приемот на известувањето, банката го дополнува образецот 1450 со податоците за книжење:

- на товар на сметката 2290
- во корист на сметката 3100.

ПЛАЌАЊЕ СО ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ

58. Плаќањето на нерезидент со ефективни странски пари, банката го извршува согласно со „Одлуката за условите под кои резидентите можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари во трансакции со нерезиденти" и врз основа на правилно пополнет образец 1450, шифра на инструмент на плаќање 7, согласно со одредбите од точка 38 до 42 од ова упатство.

По исклучок на став 1 од оваа точка, Народната банка извршува плаќања во странство со ефективни странски пари за потребите на државата и државните органи за извршување активности од својот делокруг на работа, врз основа на налог за плаќање во странство поднесен од налогодавачот.

Во образецот 1450, во рубрика 5 налогодавачот задолжително ги наведува името и презимето на лицето овластено од налогодавачот за пренос на ефективните странски пари во државата каде ќе се изврши плаќањето, во рубриката 7 колона 2 го наведува бројот на одобрението на Народна банка, а во рубрика 14 (забелешка) името и презимето на лицето овластено од налогодавачот за подигање на ефективните странски пари.

Врз основа на образецот 1450 и обезбеденото покритие, овластеното лице од налогодавачот ги подига ефективните странски пари.

За плаќањето во ефективни странски пари, банката книжи:

- на товар на сметката 7191; соодветна сметка од групата 70
- во корист на сметката 3000.

Износот на исплатената странска ефектива банката ја прикажува во колоната „разни основи" во спецификацијата бр. 54 од прилогот бр. 2 од ова упатство.

ПОЛАГАЊЕ И ПОДИГАЊЕ ДЕПОЗИТИ И ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ НА ТЕКОВНА СМЕТКА НА НЕРЕЗИДЕНТ

ПОЛАГАЊЕ НА ДЕВИЗНА ТЕКОВНА СМЕТКА НА НЕРЕЗИДЕНТ

59. Пристигнатиот прилив на тековна сметка на банката во странство или во Народната банка, за корисник нерезидент кој има отворено тековна сметка во странска валута кај банката, банката го обработува со образецот 743, шифра на основ 547 или 548, при што во рубрика 2 како корисник на наплатата ја наведува шифрата на нерезидентот 9000XXX, (XXX - шифра на земја на нерезидентот) и книжи:

- на товар на сметката 3100 или 3112
- во корист на соодветна сметка од групата 708.

60. Ако на тековна сметка на банката во странство или кај Народната банка пристигне прилив за нерезидент кој има отворено тековна сметка во странска валута кај друга банка, приливната банка постапува на начинот опишан во точка 9 од ова упатство и ја применува шифрата на основ 900.

61. Банката кај која се води тековната сметка на нерезидентот, исплатната банка, ги обработува примените средства од приливната банка со образецот 743, во рубриката 2 како корисник на наплатата ја наведува шифрата на нерезидентот 9000XXX, (XXX - шифра на земја на нерезидентот), во рубриката 12 го наведува матичниот број на приливната банка, ја применува шифрата на основ 547 или 548 и книжи:

- на товар на сметката 3110 или 705100
- во корист на соодветна сметка од групата 708.

62. Ако нерезидентот, согласно со „Одлуката за начинот и условите за отворање и водење на сметки на нерезиденти" уплати ефективни странски пари на својата тековна сметка во странска валута, банката ја обработува примената уплата со образецот 743, при што во рубриката 2 како корисник на наплатата ја наведува шифрата на нерезидентот 9000XXX (XXX - шифра на земјата на нерезидентот), шифра на инструментот на плаќање „7", шифра на основ 549 и книжи:

- на товар на сметката 3000
- во корист на соодветната сметка од групата 708.

Истовремено, банката го проверува идентитетот на лицето коешто ја врши уплатата и податоците ги впишува во рубриката 5 од образецот 743. Износот на уплатата банката го прикажува во колоната „549" во спецификацијата бр. 53 од прилогот бр. 2 од ова упатство.

ПОДИГАЊЕ ОД ДЕВИЗНА ТЕКОВНА СМЕТКА НА НЕРЕЗИДЕНТ

63. *Преносот на средства во странство* од тековната сметка во странска валута на нерезидентот кај банката, врз основа на поднесен налог од нерезидентот, банката го врши со образецот 1450, шифра на основ 547 или 548, во рубриката 1 како налогодавач ја наведува шифрата на нерезидентот 9000XXX, (XXX - шифра на земја на нерезидентот) и книжи:

- на товар на соодветната сметка од групата 708
- во корист на сметката 3100.

64. Ако банката од нерезидентот добие налог за *пренос на девизи од неговата сметка во странска валута на сметка во странска валута на друг нерезидент*, банката го обработува преносот на средствата со образецот 746, шифра на основ 625 и книжи:

- на товар на соодветната сметка од групата 708
- во корист на соодветната сметка од групата 708.

65. Ако тековната сметка на нерезидентот на кој се пренесуваат средствата се води кај друга банка или нерезидентот пренесува средства на својата тековна сметка кај друга банка, преносот на средствата банките го обработуваат на начинот опишан во примерот 4 од прилогот бр. 8 „Трансакции во девизи со посредство на две домашни банки".

66. Ако нерезидентот, согласно со „Одлуката за начинот на отворање и водење на сметката на нерезидент", подигне ефективни странски пари од својата тековна сметка кај банката, банката ја обработува подигнатата ефектива со образецот 1450, при што во рубриката 1 како налогодавач ја наведува шифрата на нерезидентот 9000XXX, (XXX - шифра на земја на нерезидентот), шифра на инструментот на плаќање „7", шифра на основ 549, и книжи:

- на товар на соодветната сметка од групата 708
- во корист на сметката 3000

Износот на подигнатите ефективни странски пари банката го прикажува во колоната „549" во спецификацијата бр. 54 од прилогот бр. 2 од ова упатство.

67. Ако нерезидентот подигне ефективни денари од својата девизна тековна сметка, банката ги обработува подигнатите ефективни денари со образецот 743, и согласно со намената на подигнатата ефектива ја применува соодветната шифра на основ, и тоа за исплата:

- на странски дипломатски претставништва, шифра на основ 280.
- по други намени, шифра на основ 227;

и книжи на товар на соодветна сметка од групата 708.

КУПУВАЊЕ ДЕВИЗИ ЗА ДЕНАРИ ОД ДЕВИЗНА ТЕКОВНА СМЕТКА НА НЕРЕЗИДЕНТ

68. Купувањето девизи за денари по налог на нерезидент, со образецот 746, го применува основот 629, и книжи:

- на товар на соодветна сметка од групата 708
- во корист на сметка 808.

ПОСЕБНИ РАБОТИ

ИЗВЕДУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИСКИ РАБОТИ ВО СТРАНСТВО

69. Наплатата од нерезидент врз основа на изведување на инвестициски работи во странство, банката ја обработува на начинот опишан од точките 6 до 10 од ова упатство.

    Корисникот на наплатата, кој едновремено е и носител на работата или изведувач, е должен на исплатната банка да ѝ ги достави сите потребни податоци за одобрување на неговата тековна сметка во странска валута, согласно со одредбите од делот ОДОБРУВАЊЕ НА НАПЛАТАТА НА ТЕКОВНА СМЕТКА НА КОРИСНИКОТ НА НАПЛАТАТА од ова упатство.

70. При изведување на инвестициски работи во странство, во кои учествуваат повеќе претпријатија како кооперанти или соизведувачи (во натамошниот текст: соизведувачи), носителот на работата, кој ја примил наплатата по аванси и времени ситуации, им ја распределува на соизведувачите во согласност со приложениот договор. Преносот на средствата од сметката 700 на носителот на работата на сметката 700 на соизведувачот, банката го обработува со налогот 746, шифра на основ 625.

71. Исплатата на плати на работниците на работа во странство за време на изведување на инвестициските работи (во натамошниот текст: физички лица), врз основа на писмен налог од носителот на работата или соизведувачот со кој е даден и список на физичките лица на кои треба да се изврши исплата во девизи, банката ја обработува со образецот 746, во корист на сметката 7071 на физичкото лице, шифра на основ 625.

72. Плаќањата во странство за потребите на инвестиционата работа, носителот на работата или изведувачот ги врши на начинот опишан во глава II. ПЛАЌАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ, при што во образецот 1450 задолжително ја наведува шифрата на основот 235.

ПРОДАЖБА НА СТОКА ВО СЛОБОДНИ ЦАРИНСКИ ПРОДАВНИЦИ - СЦП

73. За наплата на продадената домашна и странска стока на нерезиденти и резиденти, држателот на СЦП ги користи вообичаените инструменти за плаќање во домашниот и меѓународниот платен промет (ефективни странски пари и денари, чекови, парични картички и сл.).

    Банката ги обработува наплатите во денари врз основа на продадената стока од СЦП, во согласност со прописите коишто го регулираат работењето во домашниот платен промет.

    Банката ги одобрува наплатите во странска валута врз основа на продадената стока од СЦП, на тековната сметка во странска валута на резидентот - држател на СЦП, согласно со „Одлуката за условите и начинот под кои резидентите можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари во трансакциите со нерезиденти".

74. Примената наплата во странска валута од продадената домашна и странска стока во СЦП, банката ја обработува со образецот 743, во кој во рубриката 15 задолжително ја специфицира вредноста на продадената домашна стока со основ 227 и вредноста на продадената странска стока со основ 610, и книжи:

- на товар на сметката 3000 или 3010
- во корист на сметката 700 на држателот на СЦП.

Износот на вака специфицираната наплата, банката го прикажува во колоната „разни основи" во спецификацијата бр. 53 или 55 од прилогот бр. 2 од ова упатство.

75. Плаќањето за продадената стока по налог на држателот на СЦП врз основа на договорот со сопственикот на стоката, банката го врши:

а) за домашната стока продадена во странска валута со образецот 746, шифра на основ 227, во корист на сметката 700 на резидентот сопственик на стоката; за домашната стока продадена во денари во согласност со прописите коишто го регулираат работењето во домашниот платен промет;

б) за странската стока со образец 1450, шифра на основ 610, во корист на сметката 3100, соодветната сметка од групата 708 или 808.

СТРАНСКИ ВЛОЖУВАЊА - ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

76. Пристигнатиот прилив како основачки капитал врз основа на вложување на нерезидент во Република Македонија, банката го обработува на начинот од точката 6 од ова упатство, шифра на основ 510 и книжи:

- на товар на сметката 3100, соодветна сметка од групата 708
- во корист на сметката 2954

По доставувањето доказ за извршен упис на друштвото во трговскиот регистар, банката ги пренесува средствата во корист на тековната сметка на новооснованото друштво со налогот 746.

77. Наплатата по основ на зголемување на основната главнина на друштвото, банката ја обработува на начинот опишан во дел I. НАПЛАТИ ОД НЕРЕЗИДЕНТИ, шифра на основ 510.

РАБОТИ СО ПАРИЧНИ КАРТИЧКИ ОД СТРАНСКО ИЗДАНИЕ

78. За плаќање стоки и услуги во странство резидентите можат да користат парични картички од странско издание, со посредство на домашен застапник на паричната картичка (во натамошниот текст: „застапник на картичка").

79. Плаќањето во корист на пресметковниот центар за парични картички во странство по налог на застапникот на картичката, банката го обработува со образецот 1450 на начинот опишан во главата II. ПЛАЌАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ, шифра на основ 227 или 225.

Порамнувањето помеѓу резидентот-корисник на картичката и застапникот на картичката може да се изврши во странска валута или во денари.

80. Резидентите продавачи на стоки и услуги можат да ги наплатат продадените стоки и услуги на нерезиденти со парична картичка.

81. Наплатата од пресметковниот центар за парични картички во странство врз основа на работи со парични картички, банката ја обработува со образецот 743 на начинот опишан во точките 6 и 8 од ова упатство.

Застапникот на картичката на исплатната банка ѝ ги доставува сите потребни податоци за одобрување на неговата тековна сметка во странска валута на начинот опишан во точката 27 од ова упатство, шифра на основ 227 или 610.

По налог на застапникот на картичката, банката го врши порамнувањето помеѓу резидентот-продавач на стоки и услуги и застапникот на картичката, во денари, освен за продадената стока во СЦП, каде што порамнувањето може да се врши во странска валута или во денари.

82. Ако пресметковниот центар за парични картички во странство на нето-износ ја одобрува или задолжува сметката на застапникот на картичката, нето-наплатата или нето-плаќањето се обработува на начинот опишан во точките 79 и 81 од ова упатство, при што:

- банката ја обработува наплатата или плаќањето на износот на кој е задолжена, односно одобрена нејзината тековна сметка во странство 3100,
- застапникот на картичката е должен да ги прикаже износите на примените наплати и плаќања на бруто принцип согласно со добиениот запис од пресметковниот центар.

За пристигната нето-наплата врз основа на порамнување, застапникот на картичката во образецот 743, рубриката 15 ги специфицира износите на бруто-наплатите по соодветните основи 227 или 610 со позитивен предзнак и бруто-плаќањата по соодветните основи 227 или 225 со негативен предзнак. Вредноста на вака пресметаниот износ треба да одговара на нето-наплатата врз основа на порамнување.

За извршување нето-плаќање врз основа на порамнување, во образецот 1450, рубрика 7, застапникот на картичката ги специфицира износите на бруто-плаќањата по соодветните основи 227 или 225 со позитивен предзнак и бруто-наплатите по соодветните основи 227 или 610 со негативен предзнак. Вредноста на вака пресметаниот износ треба да одговара на нето-плаќањето врз основа на порамнување.

83. Ако застапникот на картичката е банка, банката застапник на картичка ги спроведува одредбите од точките 79 до 82 и како банка и како застапник на картичката.

БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ

84. Резидентите и нерезидентите физички лица можат да вршат трансфер на пари во и од странство и преку резиденти - правни лица коишто се регистрирани за вршење ваков вид работи и кои се овластени од Народната банка за вршење брз трансфер на пари (во натамошниот текст: давател на услуга брз трансфер на пари).

А) давател на услуга брз трансфер на пари - небанкарска институција

85. За работите врз основа на брз трансфер на пари, банката му отвора на давателот на услуга брз трансфер на пари, посебна тековна сметка во странска валута (сметка 7122), ако се исполнети условите од точката 84.

86. Пристигнатиот прилив од странство врз основа на брз трансфер на пари, банката го обработува со образецот 743 на начинот опишан од точките 6 до 8 од ова упатство.

    Давателот на услуга брз трансфер на пари ѝ ги доставува на банката сите потребни податоци за одобрување на неговата посебна тековна сметка во странска валута на начинот опишан во точката 27 од ова упатство, шифра на основ 410 за резиденти физички лица и шифра на основ 548 за нерезиденти физички лица.

    Одливот во странство по налог на давателот на услуга брз трансфер на пари банката го обработува со образецот 1450, на товар на сметката 7122 на начин опишан во главата II. ПЛАЌАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ, шифра на основ 410 за резиденти физички лица и шифра на основ 548 за нерезиденти физички лица.

87. Ако давателот на услуга брз трансфер на пари врши нето-наплата или плаќање преку својата посебна сметка во странска валута, нето-наплатата или нето-плаќањето се обработува на начинот опишан во точката 86 од ова упатство, при што:

    - банката ја обработува наплатата или плаќањето на износот на кој е задолжена, односно одобрена нејзината тековна сметка во странство;
    - давателот на услуга брз трансфер на пари ги прикажува износите на примените наплати и плаќања на бруто-принцип, согласно со добиениот запис од пресметковниот центар.

    За пристигната нето-наплата врз основа на порамнување со глобалниот систем во странство, давателот на услуга брз трансфер на пари е должен да ги специфицира износите на бруто-наплатите по соодветните основи 410, 548 или 263 со позитивен предзнак и бруто-плаќањата по соодветните основи 410, 548 или 263 со негативен предзнак во образецот 743, рубрика 15. Вредноста на вака пресметаниот износ треба да одговара на нето-наплатата врз основа на порамнувањето со глобалниот систем во странство.

    За извршување нето-плаќање врз основа на порамнување со глобалниот систем во странство, давателот на услуга брз трансфер на пари е должен да ги специфицира износите на бруто-плаќањата по соодветните основи 410, 548 или 263 со позитивен предзнак и бруто-наплатите по соодветните основи 410, 548 или 263 со негативен предзнак во образецот 1450, рубрика 7. Вредноста на вака пресметаниот износ треба да одговара на нето-плаќањето врз основа на порамнувањето со глобалниот систем во странство.

88. Ефективните странски пари коишто банката ги прима на или исплаќа од посебната тековна сметка на давателот на услуга брз трансфер на пари врз основа на брз трансфер на пари, банката ги обработува со образецот 746, шифра на основ 450, при што во колоната 1 од рубриката 6 задолжително го наведува матичниот број на давателот на услуга брз трансфер на пари и книжи:

а) за уплатените ефективни странски пари

- на товар на сметката 3000
- во корист на сметката 7122.

б) за подигнатите ефективни странски пари

- на товар на сметката 7122
- во корист на сметката 3000.

Износот на уплатените или подигнатите ефективни странски пари, банката го прикажува во колоната „разни основи" во спецификацијата бр. 53 или 54, од прилогот бр. 2 од ова упатство.

Б) Давател на услуга брз трансфер на пари - банкарска институција

89. Ако давател на услуга брз трансфер на пари е банка, банката - давател на услуга брз трансфер на пари ги спроведува одредбите од точките 86 до 87 и како банка и како давател на услуга брз трансфер на пари, при што не употребува посебна тековна сметка во странска валута (сметка 7122).

90. Уплатите, односно исплатите на ефективните странски пари од физички лица по основа на брз трансфер на пари банката ги обработува со образецот 746, шифра на основ 450, при што во колоната 1 од рубриката 6 ја наведува шифрата на физичкото лице - резидент „1000000" или нерезидент „9000XXX" (XXX - шифра на земја на нерезидентот).

    Износот на уплатените или исплатените ефективни странски пари, банката го прикажува во колоната „разни основи" во спецификацијата бр. 53 или 54 од прилогот бр. 2 од ова упатство.

МЕНУВАЧКО РАБОТЕЊЕ

91. Резидентите - овластени менувачи коишто не се банки, ги положуваат ефективните странски пари кои потекнуваат од менувачко работење на посебна тековна сметка во странска валута (сметка 7121).

    Ефективните странски пари коишто овластениот менувач ги уплатува на или подига од посебната тековна сметка, банката ги обработува со образецот 746, шифра на основ 451, при што во колоната 1 од рубриката 6 задолжително го наведува матичниот број на резидентот - овластен менувач.

    Износот на уплатените или подигнатите ефективни странски пари, банката го прикажува во колоната разни основи во спецификацијата бр. 53 или 54, од прилогот бр. 2 од ова упатство.

СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

92. За службените патувања во странство, банката, врз основа на уреден налог од налогодавачот, резидентот - правно лице, согласно со одредбите од точките 38 до 41 од ова упатство, може да исплати ефективни странски пари, да издаде ностро-чек, да продаде патнички чекови од странски издавачи, или да пренесе средства на девизната сметка на физичкото лице кое службено патува во странство.

93. За исплата во ефективни странски пари, или за издаден ностро/продаден патнички чек, налогодавачот е должен во образецот 1450, да ги наведе името и презимето и бројот на патната исправа на лицето коешто патува во странство, како и шифрата на основ 225.

    Банката на ист начин ја обработува и подигнатата странска ефектива за плаќање на експлоатациски трошоци при патување во странство, со тоа што како шифра на основ наведува 276.

    За исплата во ефективни странски пари банката постапува согласно со одредбите од делот ПЛАЌАЊЕ СО ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ.

    Износот на подигнатата странска ефектива, банката ја прикажува во колоната „разни основи" во спецификацијата бр. 54 од прилогот бр. 2 од ова упатство.

94. По извршеното службено патување, налогодавачот изготвува пресметка на трошоците на патувањето.

    Ако трошоците за патување се поголеми од аконтацијата, за разликата налогодавачот ѝ доставува на банката дополнителен образец 1450, шифра на основ 225, заедно со пресметката на трошоците за патувањето. Банката ја исплаќа разликата во ефективни странски пари.

95. Ако аконтацијата е поголема од трошоците, налогодавачот ги уплаќа ефективните странски пари или чекови, врз основа на пресметката на трошоците за патувањето, во банката којашто ги обработува како наплата по основ на поврат на извршено плаќање, со образецот 743, шифра на инструментот на плаќање 8 - ефектива или 4 - чекови, шифра на основ 225 и ги прикажува во колоната „разни основи" во спецификацијата бр. 53 од прилогот бр. 2 од ова упатство.

96. Банката може, по барање на налогодавачот, а за потребите на службеното патување во странство, да изврши пренос на девизни средства од неговата тековна сметка на тековната сметка на лицето коешто патува во странство. Банката го обработува преносот на средствата со налогот 746, шифра на основ 625.

97. Доколку по извршеното патување трошоците за патување се поголеми од аконтацијата, банката, врз основа на пресметката на трошоците за патувањето поднесена од страна на налогодавачот, врши пренос на девизни средства при што за разликата ја одобрува тековната сметка на лицето коешто патувало во странство. Банката го обработува преносот на средствата со налогот 746, шифра на основ 625.

    Ако трошоците за патување се помали од аконтацијата, банката, врз основа на налог за пренос и пресметка на трошоците за патувањето поднесени од страна на лицето коешто патувало во странство, врши пренос на девизните средства, при што за разликата ја одобрува тековната сметка на правното лице. Вратените средства банката ги обработува со налогот 746, шифра на основ 625.

98. За плаќање на трошоци настанати врз основа на службени патувања на резиденти во странство со парични картички, банката ги применува одредбите од делот РАБОТИ СО ПАРИЧНИ КАРТИЧКИ ОД СТРАНСКО ИЗДАНИЕ.

ПРОДАЖБА НА СТРАНСКИ ЧЕКОВИ

99. Банката ги евидентира патничките чекови на странски издавачи коишто ги зема на комисиона продажба, на сметките за вонбилансна евиденција.

Банката, врз основа на уреден налог од резидентот, врши продажба на патничките чекови, согласно со одредбите од точките 38 до 41 од ова упатство и за продажбата ја одобрува сметката 2818.

Плаќањето на продадените чекови на странската банка, банката го врши со образецот 1450, ги специфицира основите 225 и 227 во зависност од тоа дали се продадени на правни или физички лица и книжи:

- на товар на сметката 2818
- во корист на сметката 3100.

100. Ако банката купи патнички чекови на странски издавачи, плаќањето за купените чекови го врши со образецот 1450, шифра на основ 227 и книжи:

- на товар на сметката 307
- во корист на сметката 3100.

Продажбата на чековите на резиденти ја врши на начинот опишан во став 2 од точката 99 од ова упатство, со одобрување на сметката 307.

МЕЃУНАРОДНИ ПОШТЕНСКИ УПАТНИЦИ

101. Пристигнатиот прилив на тековната сметка на банката во странство по основ на меѓународна поштенска упатница (во натамошниот текст: МПУ), банката го обработува со образецот 743, шифра на основ 410 и книжи:

- на товар на сметката 3100
- во корист на сметката 70850/12989.

102. Дозначените средства од странство со МПУ во корист на физички лица резиденти и нерезиденти, поштата ја исплаќа во денари, по куповниот курс на банката со која има склучено договор за промет со МПУ.

103. Ако физичкото лице корисник на МПУ се изјасни за исплата на МПУ во странска валута, поштата му го предава непоништениот купон на МПУ и го упатува на банката со која поштата има склучено договор за промет со МПУ.

Банката на корисникот на МПУ може да му исплати во ефективни странски пари или да ја одобри неговата сметка во странска валута.

ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА ВО КАЗИНО

104. Резидентот приредувач на игри на среќа во казино го положува износот на странски ефективни пари и чекови, кои потекнуваат од приредување игри на среќа, на својата посебна тековна сметка за приредување игри на среќа во странска валута кај банката (сметка 7123).

Банката ги обработува примените средства согласно со одредбите од деловите НАПЛАТА ВО ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ и НАПЛАТА СО ЧЕК од ова упатство и ја применува шифрата на основ 222.

Доколку резидентот приредувач на игри на среќа во казино за своето работење има потреба од ефективни странски пари, може да подигне ефективни странски пари од својата посебна тековна сметка за приредување игри на среќа во странска валута кај банката или да купи, при што банката постапува согласно со одредбите од дел ПЛАЌАЊЕ СО ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ.

ПОСРЕДУВАЊЕ ВО НАДВОРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ И РЕЕКСПОРТОТ

105. Наплатата од нерезидент врз основа на работи на посредување во надворешнотрговскиот промет, банката ја обработува со образецот 743 на начинот опишан во главата I. НАПЛАТИ ОД НЕРЕЗИДЕНТИ, шифра на основ 263.

Ако договорот за посредување е склучен помеѓу нерезидентот, производителот на стоката или давателот на услугата и посредникот, корисникот на наплатата во образецот 743, рубрика 15 ги специфицира износите на наплатата по соодветните основи, како и основот 263 за посредничката провизија. Во рубриката 16, корисникот на наплатата ја наведува сопствената тековна сметка, како и тековната сметка на содоговарачот, на кои банката треба да ги одобри девизните средства. За ваков вид договори корисникот на наплатата задолжително го приложува до банката и договорот.

106. Наплатата од нерезидентот врз основа на реекспорт, банката ја обработува со образец 743 на начинот опишан во глава I. НАПЛАТИ ОД НЕРЕЗИДЕНТИ.

Корисникот на наплатата во образецот 743, рубрика 15 ги специфицира износите на наплатата по соодветните основи 640 и 290 ако се работи за бруто-наплата или основот 290, ако се наплатува само посредничката провизија.

Плаќањето на нерезидентот, банката го извршува со образецот 1450 на начинот опишан во главата II. ПЛАЌАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ. Налогодавачот ја наведува шифрата на основ 640 во образецот 1450, рубрика 7.

КУПУВАЊЕ И ПРОДАВАЊЕ ПОБАРУВАЊА И ПРЕЗЕМАЊЕ ОБВРСКИ

107. Наплатата од нерезидент врз основа на купопродажба на побарување или за преземена обврска од друг нерезидент, банката ја обработува со образецот 743, на начинот опишан во глава I. НАПЛАТИ ОД НЕРЕЗИДЕНТИ.

Ако резидентот побарувањето од нерезидент го продал на друг резидент, купувачот - корисник на наплатата, на образецот 743 ги внесува податоците коишто се однесуваат на основната работа со соодветниот основ врз основа на која првиот резидент стекнал побарување од нерезидентот.

Ако резидентот побарувањето од нерезидент го продал на друг нерезидент, или нерезидентот ја има преземено обврската од друг нерезидент, резидентот корисник на наплатата на образецот 743 ги внесува податоците за бруто-вредноста на основната работа со соодветниот основ како и податокот за дисконтот за кој се намалува наплатата (основ 131, 279 или 594).

108. Плаќањето на нерезидент врз основа на купопродажба на побарување или за преземена обврска од друг резидент, банката ја обработува со образецот 1450 на начинот опишан во главата II. ПЛАЌАЊА НА НЕРЕЗИДЕНТИ.

Ако резидентот има преземено обврска кон нерезидент која претходно ја имал друг резидент, резидентот кој ја презел обврската - налогодавач, при плаќањето во образецот 1450 ги внесува податоците за бруто-вредноста на основната работа врз основа на која нерезидентот стекнал побарување од основниот должник - резидент со соодветен основ како и податокот за дисконтот за кој се намалува плаќањето (основ 130, 279 или 594).

Ако резидентот обврската кон нерезидентот ја плати на друг нерезидент кој го купил побарувањето од првиот нерезидент, при плаќањето во образецот 1450 ги внесува податоците коишто се однесуваат на основната работа со соодветниот основ.

109. Пристигнатиот прилив од нерезидент врз основа на купено побарување од правни односи помеѓу резиденти, банката го обработува со образецот 743, шифра на основ 590, а одливот за плаќање на купените побарувања од страна на нерезидентот со образец 1450, шифра на основ 590, согласно со одредбите за наплати и плаќања од ова упатство.

110. Извршениот одлив од резидент врз основа на купено побарување од правни односи помеѓу нерезиденти, банката го обработува со образецот 1450, шифра на основ 592, а приливот за примената наплата по купените побарувања од страна на резидентот со образецот 743, шифра на основ 592, согласно со одредбите за наплати и плаќања од ова упатство.

НАПЛАТИ И ПЛАЌАЊА ВРЗ ОСНОВА НА ИЗВРШНИ ИСПРАВИ

111. Наплатите и плаќањата врз основа на извршни исправи, банката ги обработува како редовни наплати и плаќања согласно со ова упатство. Притоа, корисникот на наплатата/налогодавачот во рубриката „шифра на основ за наплата/плаќање" ги внесува шифрите коишто се однесуваат на основната работа врз основа на која настанала обврска за наплата/плаќање и казнената камата или други трошоци согласно со извршната исправа.

МЕЃУБАНКАРСКИ ОДНОСИ

112. Меѓусебните односи на банките по работи од платниот промет со странство се вршат преку тековните сметки во странска валута на банките во земјата.

Меѓубанкарскиот пренос на девизи по други основи (меѓубанкарски пласмани во девизи, купопродажба на девизи и сл.) покрај преку тековните сметки во странска валута на банките во земјата можат се вршат и преку тековните сметки на банките во странство.

113. Банките коишто вршат платен промет со странство согласно со Законот за банките, можат една на друга да водат девизна тековна сметка и истовремено една кај друга да имаат девизна тековна сметка, и тоа:

705100 - тековни сметки на домашните банки во странска валута
3110 - тековни сметки во странска валута кај домашните банки

114. Банките коишто не вршат платен промет со странство согласно со Законот за банките, не можат да водат девизна тековна сметка на друга банка, а можат да имаат девизна тековна сметка кај банки коишто вршат платен промет со странство.

115. Банките коишто вршат платен промет со странство согласно со Законот за банките, можат да имаат девизни тековни сметки кај Народната банка, но не можат да водат девизни тековни сметки на Народната банка.

116. Банката којашто ја води тековната сметка на другата банка во странска валута -705100, во рамките на расположливото салдо на таа сметка, ги извршува правилните налози најдоцна наредниот ден од денот на приемот на налогот од другата банка.

117. Доколку меѓубанкарските преноси на средства во странска валута банките ги вршат со посредство на СВИФТ, банката којашто ја води тековната сметка на другата банка редовно ѝ доставува извод од сметката (МТ 950).

За меѓубанкарските преноси на средства со посредство на СВИФТ, доставувањето примерок на обрасци од платниот промет со странство не е задолжително, со обврска на банката којашто го врши преносот на средствата на другата банка да ѝ ги достави сите потребни податоци за извршување на налогот, изготвување на потребните обрасци и извештаи и уредно водење на сметководството.

Доколку меѓубанкарските односи не се вршат со посредство на СВИФТ, банката којашто ја води тековната сметка на другата банка, заедно со изводот на сметката, задолжително ѝ приложува примерок од поединечните налози за задолжување и одобрување на сметката.

Народната банка доставува до банката дневен извод за налозите за задолжување и одобрување на тековната сметка на банката кај Народната банка.

118. Банките можат да го извршат порамнувањето на меѓусебните побарувања и обврски на тековните сметки во странска валута, и без трансфер на средствата преку сметките во странство.

119. Банките го вршат преносот на средствата помеѓу тековните сметки во странство (сметка 3100) и/или тековните сметки кај Народната банка (сметка 3112), независно од основот и целта на преносот, со образецот 746, и тоа:
- во рамките на една банка: шифра на основот 627;
- помеѓу две банки: шифра на основот 624;
- помеѓу Народната банка и банките; шифра на основот 623.

Внесување од странство и изнесување во странство на ефективни странски пари од страна на банката

120. Вносот на ефективни странски пари во Република Македонија, банката го обработува со образецот 746, во корист на сметката 3100, шифра на основот 621. Во образецот 746, во рубриката 10, банката задолжително го наведува називот на странската банка од каде што се подигнати ефективните странски пари.

121. Изнесувањето ефективни странски пари од Република Македонија банката го обработува со образецот 746, во корист на сметката 3000, шифра на основот 621. Во образецот 746, во рубриката 10, банката задолжително ја наведува странската банка кај која банката ќе ги депонира ефективните странски пари.

Внесување од странство и изнесување во странство на ефективни денари од страна на банката

122. Изнесувањето на ефективните домашни пари од Република Македонија продадени на странска банка, банката го обработува со образецот 746, на товар на сметката 1012, шифра на основот 726. Во образецот 746, во рубриката 10, банката задолжително ја наведува странската банка со која банката склучила договор за продажба на ефективни домашни пари.

Пристигната наплата од странската банка врз основа на продадени ефективни пари, банката ја обработува со образец со образецот 743, на товар на сметката 3100, 708500 или 808, шифра на основот 726.

123. Внесувањето на ефективните домашни пари во Република Македонија купени од странска банка, банката го обработува со образец со образецот 746, на товар на сметката 1012, шифра на основот 726. Во образецот 746, во рубриката 10, банката задолжително ја наведува странската банка со која банката склучила договор за купување ефективни домашни пари.

Плаќањето кон странската банка врз основа на купените ефективни пари, банката ја обработува со образец со образецот 1450, во корист на сметката 3100, 708500 или 808 шифра на основот 726.

III. ПЛАТЕН ПРОМЕТ ВО ДЕНАРИ

124. Платниот промет со странство во денари се врши преку тековни денарски сметки на нерезиденти отворени кај домашни банки (сметка 808).

Наплата во денари од денарска тековна сметка на нерезидент

125. Наплатата во денари од тековната денарска сметка на нерезидент врз основа на поднесен налог од нерезидентот, банката ја обработува со образец со образецот 743, на начин опишан во точка 6 од ова упатство и ако едновремено е и исплатна банка, таа книжи:

- на товар соодветната сметка од групата 808
- во корист на сметката 2924.

126. Корисникот на наплатата доставува дополнет образец 743 до банката, на начин опишан во точките 27, 28 и 29 од ова упатство.

Банката, по приемот на дополнетиот образец 743 и приложената документација, ја одобрува тековната денарска сметка на корисникот на наплатата најдоцна наредниот ден, со соодветна примена на одредбите од точките 31, 33, 34 и 36 од ова упатство.

127. Банката може да го примени принципот на директна наплата предвиден во точка 35 од ова упатство и во платниот промет со странство во денари.

128. Ако нерезидентот и корисникот на наплатата се комитенти на различни банки, наплата се обработува по принципот на приливно исплатна банка.

Приливната банка ја обработува наплатата, по поднесен налог од нерезидент, со образецот 743 и во рубриката 12 го наведува матичниот број на исплатната банка, а во рубриката 7 го применува основот 900. Приливната банка ја известува исплатната банка за наплатата најдоцна наредниот ден и ги пренесува средствата на нејзината тековна сметка со соодветен налог од денарскиот платен промет на начинот опишан во пример 1 од прилогот бр. 9 „Трансакции во денари со посредство на две домашни банки" и книжи:

- на товар на соодветната сметка од групата 808
- во корист на сметката 1000.

129. Исплатната банка ги обработува примените средства од приливната банка на начинот опишан од точка 6 од ова упатство при што во образецот 743, во рубриката 12 го наведува матичниот број на приливната банка, а во рубриката 7 го применува основот 900 и книжи:

- на товар на сметката 1000
- во корист на сметката 2924.

Исплатната банка го врши одобрувањето на тековната сметка на корисникот на наплатата согласно со одредбите од точка 126 од ова упатство.

Наплата во денари од денарска тековна сметка на нерезидент во корист на буџетски корисник

130. Ако корисникот на наплатата е буџетски корисник, обврската да ја обработи наплатата е на банката кај која се води тековната сметка на нерезидентот.

131. Наплатата во денари од денарска тековна сметка на нерезидент во корист на буџетски корисник, врз основа на поднесен налог од нерезидентот, банката ја обработува со образец со образецот 743 на начинот опишан во точка 6 од ова упатство, и книжи:

- на товар на соодветната сметка од групата 808
- во корист на сметката 2924, 1000.

132. Корисникот на наплатата доставува дополнет образец 743 до банката на неризедентот на начинот опишан во точките 27, 28 и 29 од ова упатство.

Банката, по приемот на дополнетиот образец 743 и приложената документација, му ја одобрува тековната денарска сметка на буџетскиот корисник најдоцна наредниот ден, со соодветна примена на одредбите од точките 31, 33, 34 и 36 од ова упатство.

133. Банката може да го примени принципот на директна наплата предвиден во точка 35 од ова упатство и во платниот промет со странство во денари за наплата во корист на буџетскиот корисник.

По исклучок од став 1 на оваа точка, банката може да спроведе постапка на директна наплата без претходна писмена информација добиена од буџетскиот корисник, во случај кога се работи за наплата од нерезидент во денари врз основа на следниве јавни давачки:
- даноци и акцизи;
- споредни даночни давачки - парични казни и глоби, даночни казни, камата и трошоци за присилна наплата на данок;
- придонеси од задолжително социјално осигурување;
- царински и посебни увозни давачки;
- такси - судски и административни такси.

Наплата во денари од денарска тековна сметка на нерезидент во корист на клиентска сметка на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност

134. За наплата во денари од денарска тековна сметка на нерезидент во корист на клиентска сметка на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност се применуваат одредбите од делот „Наплата во денари од денарска тековна сметка на нерезидент во корист на буџетски корисник" од ова упатство.

Плаќање во денари на денарска сметка на нерезидентот

135. Плаќањето во денари на денарска нерезидентна сметка се врши на начинот опишан во точка 38 до 47 од ова упатство.

а) Ако налогодавачот - резидент и нерезидентот се комитенти на иста банка, банката го обработува плаќањето најдоцна наредниот ден од денот на прифаќање на налогот, со образецот 1450 и книжи:

- на товар на соодветната сметка од групата 80
- во корист на соодветната сметка од групата 808.

б) Ако налогодавачот - резидент и нерезидентот се комитенти на различни банки, банката на налогодавачот го обработува плаќањето најдоцна наредниот ден од денот на прифаќање на налогот, со образецот 1450 и книжи:

- на товар на соодветната сметка од групата 80
- во корист на сметка 1000.

При преносот на средствата до банката кај која се води денарската тековна сметка на нерезидентот, банката ја применува постапката опишана во примерот 2 од прилогот бр. 9 „Трансакции во денари со посредство на две домашни банки", со обврска да ги достави сите потребни податоци за правилна обработка на плаќањето до банката на нерезидентот.

Банката на нерезидентот изготвува образец 1450 за примените средства во кој, согласно со информациите од платната порака добиена од банката на резидентот, го наведува основот за видот на трансакција и матичниот број на налогодавачот и книжи:

- на товар на сметка 1000,
- во корист на соодветната сметка од групата 808.

Плаќање во денари од клиентска сметка на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност на денарска тековна сметка на нерезидентот

136. За плаќање во денари на денарска нерезидентна тековна сметка, налогодавачот - овластениот пазарен учесник на нерезидентот, го доставува образецот 1450 до банката кај која се води тековната сметка на нерезидентот, со соодветна примена на одредбите од точка 38 до 47 ова упатство. Банката за уплатените денарски средства од налогодавачот - овластен пазарен учесник на нерезидентот ја одобрува сметката 8191, а плаќањето на нерезидентот го врши со 1450 и книжи:

- на товар на сметка 8191,
- во корист на соодветната сметка од групата 808.

Пренос на денари помеѓу денарски нерезидентни тековни сметки

137. Врз основа на поднесен налог од нерезидент, преносот на средства помеѓу денарските тековни сметки на нерезиденти кај иста банка, банката го обработува со налогот 746, шифра на основот 625.

138. Ако средствата треба да се пренесат на денарска тековна сметка на нерезидентот или на друг нерезидент кај друга банка, банките го обработуваат преносот со налогот 746, шифра на основот 625 согласно со постапката опишана во примерот 3 од прилогот бр. 9.

Продажба на девизи за стекнати денари од денарската нерезидентна тековна сметка

139. Продажбата девизи за денари по налог на нерезидент, банката ја обработува со образец со образецот 746, а го применува основот 629.

- на товар на соодветната сметка од групата 808,
- во корист на соодветната сметка од групата 708.

Уплата и исплата на ефективни денари на/од денарска тековна сметка на нерезидент

140. Уплатата на ефективни денари врз основа на поднесен налог од нерезидент, банката ја обработува со образец со образецот 1450 и согласно со намената на уплатената ефектива ја применува соодветната шифра на основ, и тоа за уплата по основ на:
   - издадени визни документи од претставништва на странски земји во Република Македонија, шифра на основот 280;
   - продадени сопствени превозни документи од претставништва на странски лица кои во Република Македонија вршат агенциски работи во воздушниот сообраќај, врз основа на склучени меѓудржавни спогодби за редовен воздушен сообраќај, шифра на основот 211;
   - непотрошени ефективни денари претходно повлечени од неговите тековни сметки, шифра на основот 227 или 280 соодветно (инструмент на плаќање 8);

   и книжи:
   - на товар на сметка 1010
   - во корист на соодветната сметка од групата 808.

141. Исплатата на ефективни денари врз основа на поднесен налог од нерезидент, банката го обработува со образец со образецот 743 и согласно со намената на подигнатата ефектива, ја применува соодветната шифра на основот, и тоа за исплата:

- на странски дипломатски претставништва, шифра на основот 280;
- по други намени, шифра на основот 227;

и книжи:
- на товар на соодветната сметка од групата 808
- во корист на сметка 1010.

Исплата на ефективни странски пари од денарска тековна сметка на нерезидент

142. Ако нерезидентот подигне ефективни странски пари од својата денарска тековна сметка, банката ги обработува подигнатите ефективни странски пари со образецот 1450, при што, во рубриката 1 како налогодавач ја наведува шифрата на нерезидентот 9000XXX, (XXX - шифра на земја на нерезидентот), шифра на инструментот на плаќање „7", шифра на основот 549, и книжи на товар на соодветна сметка од групата 808.

143. Банката, за потребите на известувањето со извештајот за состојбата и прометот на сметката 808, доставува податоци за сите трансакции над 100.000 денари поединечно за секоја трансакција, а за трансакциите под 100.000 денари може да достави збирни податоци на спецификација „C" од прилогот бр. 2 од ова упатство.

IV. ПОВРАТ НА НАПЛАТИ И ПЛАЌАЊА И СТОРНО

144. Повратот на извршено плаќање на нерезидент се обработува на начинот опишан во точките 6 до 7 од ова упатство, со образецот 743 во кој во рубриката 2 се наведува соодветната шифра на инструментот за поврат, а во рубриката 15 се наведува шифрата на основот од образецот 1450 со кој било извршено плаќањето за кое се врши повратот. Банката ги одобрува вратените средства на тековната сметка на налогодавачот од која е обезбедено покритието за извршеното плаќање.

145. Повратот на извршена наплата од нерезидент, по која било извршена исплата на тековната сметка на корисникот на наплатата, се обработува на начинот опишан во точките 48 до 49 од ова упатство, со образецот 1450 во кој во рубриката 2 се наведува соодветната шифра на инструментот за поврат, а во рубриката 7 се наведува шифрата на основот од образецот 743 врз основа на кој била извршена наплатата за која се врши поврат.

146. Поврат на извршената наплата од нерезидент за која не е извршена исплата на тековната сметка на корисникот на наплатата банката го обработува на начинот опишан во точка 145 со задолжување на сметката 2952.

147. Со сторно се поништува кое било погрешно пополнето задолжително поле во налозите од платниот промет со странство. Налогот се сторнира со изработка на идентичен налог со исти податоци, но со предзнак минус (-) во полето износ во валута. По извршеното сторно се изработува нов налог од платниот промет со странство со точни податоци со изворен датум на валута.

V. ДОСТАВУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ И ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

148. Банките се должни да доставуваат податоци и извештаи за извршениот платен промет со странство до Народната банка , на начинот и роковите пропишани со ова упатство. За извршениот платен промет со странство за потребите на државата и државните органи известува Народната банка.

149. Народната банка ги користи доставените податоците за извршениот платен промет со странство за статистички цели. Користењето на податоците од страна на Народната банка е во согласност со Законот за државна статистика.

150. Банките известуваат за состојбата и прометот на сметките наведени во прилогот бр. 3 „Преглед на сметките за кои се доставуваат извештаи" (во понатамошниот текст: прилогот бр. 3) којшто е составен дел на ова упатство. Извештаите се доставуваат во електронски формат.

По исклучок од став 1 од оваа точка банките по претходна согласност или на барање на Народната банка извештаите може да ги доставуваат и во друг формат.

151. Банките податоците ги изготвуваат и ги доставуваат до Народната банка по датум на книжење на промените на сметките.

Состојбите на сметките доставени до Народната банка треба да одговараат на состојбите на сметките во сметководствената евиденција на банките и известувањето за состојбата и прометот согласно со „Одлуката за доставување податоци за состојбата и прометот на сметките од сметковниот план на банките и на финансиските извештаи".

152. Динамиката на доставување на извештаите е дневна, декадна или месечна зависно од извештајната сметка и таа е дадена во прилогот бр. 3.

Извештаите се доставуваат до Народната банка најдоцна 8 работни денови по истекот на периодот за кој се известува.

153. Податоците за состојбата на сметките (извештај ИСП - Извештај за состојбата и прометот) се доставуваат по видови на валута заедно со податоците за остварениот вкупен промет на соодветна извештајна сметка.

За остварениот промет по извештајни сметки банките доставуваат и податоци за секоја поединечна трансакција. Исклучок е известувањето за прометот на сметките 7051, 3110, 2924 за кои банките доставуваат податоци само за наплатите за кои банката е исплатна, но не е едновремено и приливна банка, како и за сметките од групата 315 за кои банката известува само за поединечните трансакции во корист на сметката од групата 315.

154. Подетални објаснувања за начинот на доставување на податоците: електронското потпишување, кодирањето на податоците, електронскиот формат, како и вградените логички и финансиски контроли се содржани во „Корисничкото упатство за апликацијата платен промет со странство".

VI. ОБРАСЦИ, СПЕЦИФИКАЦИИ И УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

155. Со ова упатство се пропишани содржината и формата на обрасците коишто банките ги користат при вршењето на платниот промет со странство:

Прилог бр. 1

- образец 743 - Извештај за наплата од странство;
- образец 1450 - Налог за извршување на дознака во странство или Извештај за исплата по акредитив;
- образец 1451 - Налог за отворање на акредитив (втора страница);
- образец 746 - Општ девизен налог.

Покрај обрасците од став 1 на оваа точка, банките при известувањето до Народната банка користат и спецификации чијашто форма и содржина се пропишани со ова упатство:

Прилог бр.2

- извештај ИСП - Извештај за состојбата и прометот;
- спецификација 53 - Спецификација на откупени ефективни странски пари и положени на девизни сметки;
- спецификација 54 - Спецификација на продадени ефективни странски пари и подигнати од девизни сметки;
- спецификација 55 - Спецификација на откупени странски чекови и одобрени во корист на девизни сметки (прилив);
- спецификација 56 - Спецификација за промет на сметка.

Обрасците и спецификациите пропишани во оваа точка не можат да се менуваат во однос на формата, содржината и распоредот на рубриките и полињата без согласност на Народната банка.

156. Бројот на примероците на образецот не е пропишан со ова упатство и зависи од потребите на банката и клиентите на банката.

157. Обрасците и спецификациите се пополнуваат согласно со Упатството за пополнување од точката 158 од ова упатство, при што банката по приемот на образецот проверува дали тој е правилно пополнет и дали се впишани правилни шифри.

Заверката на обрасците и спецификациите се врши со потпис.

158. Упатство за пополнување.

<u>Образец 743 - Извештај за наплата од странство (BC60)</u>

Првиот дел од образецот го пополнува банката (рубриките од 1 до 14), вториот дел го пополнува корисникот на наплатата и ѝ го враќа на банката заради понатамошна обработка на налогот.

Во рубриките на овој образец се внесуваат следниве податоци:

1) Назив, адреса, матичен број на банката којашто ја прима, т.е. ја обработува наплатата;

2) Назив, адреса, број на тековната сметка / ИБАН и матичен број на корисникот на наплатата. Доколку корисникот на наплатата е домашно физичко лице, банката ја впишува шифрата за домашни физички лица - 1000000. Ако корисникот на наплатата е нерезидент, банката ја впишува шифрата за странско лице 9000XXX (XXX - земја на нерезидентот од шифрарникот на земји којшто е составен дел на ова упатство). Ако корисникот на наплатата е самостоен вршител на дејност којшто не добил наплата како физичко лице, банката го впишува неговиот матичен број од деловниот регистар.
Исто така, во оваа рубрика се впишува бројот на сметката / ИБАН на корисникот на наплатата наведен во налогот од странската банка.
Во полето на десната страна под бројот 60 се внесува едноцифрената ознака на инструментот на плаќање од шифрарникот на инструменти на плаќање;

3) Бројот под кој е заведен налогот во регистарот на банката;

4) Назив на странската банка - во првото осенчано поле се впишува шифрата на земјата од шифрарникот на земји, а во второто осенчано поле СВИФТ-ознаката на странската банка;

5) Назив и адреса на нерезидент - налогодавач и во осенчаното поле, шифрата на земјата на нерезидентот независно од земјата од која е пристигната наплатата, или шифрата на меѓународната организација;

6) Назив на странската кореспондентска банка, а во осенчаното поле СВИФТ-ознаката на странската банка (се пополнува само во случај на работење преку СВИФТ);

7) Опис на наплатата од налогот на странската банка (СВИФТ-порака), а во осенчаното поле, шифрата на основот од шифрарникот на основи;

8) Во првото и второто осенчано поле: шифра и скратен назив на валутата од шифрарникот на валути; во третото осенчано поле: износот во валута со две децимални места; а во четвртото поле: датумот на кој е одобрен приливот на сметката на банката во странство или задолжена сметката на нерезидентот кај банката;

9) Износ во странска валута на банкарска провизија и трошоци, коишто се одбиени во странство, ако е тоа наведено во налогот на странската банка;

10-11) Податоци за книжење на задолжувањето и одобрувањето во банката;

12) Назив и матичен број на исплатната банка во случај налогот да го пополнува приливната банка, или назив и матичен број на приливната банка за налогот пополнет од исплатната банка;

13) Износ во денари на пресметаниот надомест за услуга којшто банката го наплатува од корисникот на наплатата;

14) Место, датум на обработка на наплатата и заверка на банката;

15) При пополнувањето на оваа рубрика корисникот на наплатата поаѓа од вкупното побарување коешто го затвора со наплатата. Во првата колона се внесува шифрата на основот од шифрарникот на основи, во втората колона бројот на документот (кредитна регистрација, број на договор итн.), во третата опис на трансакцијата како основ за наплатата на која настанало побарувањето од странство и во четвртата колона, износот на побарувањето во валута.
Ако корисникот наплатува побарување по повеќе основи, тој ги специфицира поединечно сите основи во врска со кои настанало тоа побарување (на пример: камата и главнина; стока и услуга).
Ако наплатата е помала од побарувањето, се внесува вкупниот износ на побарувањето и износот за кој е намалено тоа побарување (на пример: фактурната вредност на царинскиот документ и добиеното задолжение од нерезидентот со кое е намалено побарувањето). Износот на намаленото побарување се внесува со негативен предзнак.
Вкупниот износ на наплатата во делот II мора да е идентичен со износот во првото поле од делот I, во рубриката 8.
Доколку корисникот на наплатата не ја пополнил колоната за шифра на основот, шифрирањето го врши банката дополнително согласно со описот на трансакцијата;

16) Во првото поле се внесува СВИФТ-ознака на банката во која, по налог на корисникот на наплатата, се одобруваат средствата на неговата сметка.
Во второто поле, бројот на тековната сметката / ИБАН на корисникот на наплатата на која се одобруваат средствата.
Ако приливот се одобрува на повеќе тековни сметки / ИБАН, во полето наменето за бројот на сметката се запишува „по спецификација", којашто се приложува во прилог на налогот;

17) Место, датум и заверка од страна на корисникот на наплатата.

Налози за плаќање во странство

Образец 1450 - Налог за извршување на дознака во странство (ВС 70)

Првиот дел од образецот го пополнува налогодавачот (рубриките од 1 до 9 освен рубриката 3), вториот дел го пополнува банката (рубриките од 10 до 15). Ако плаќањето во странство се врши по налог на домашно физичко лице или нерезидент, образецот 1450 во целост го пополнува банката.

Во рубриките на овој образец се внесуваат следниве податоци:

1) Назив, адреса, број на тековната сметка / ИБАН и матичен број на подносителот на налогот (налогодавач). Се впишува бројот на тековната сметка / ИБАН на налогодавачот кај банката. Доколку налогодавачот е домашно физичко лице, банката ја впишува шифрата за домашни физички лица - 1000000. Ако налогодавач е нерезидент, банката ја впишува шифрата за странско лице 9000XXX (XXX - земја на нерезидентот од шифрарникот на земји којшто е составен дел на ова упатство). Ако налогодавачот е самостоен вршител на дејност којшто не врши плаќање како физичко лице, се впишува неговиот матичен број од деловниот регистар;

2) Назив, адреса и матичен број на банката којашто го врши плаќањето. Во полето на десната страна, под бројот 70 се впишува едноцифрената ознака на инструментот на плаќање од шифрарникот на инструменти на плаќање;

3) Број под кој е заведен налогот во регистарот на банката;

4) Назив, адреса и бројот на сметка/ ИБАН на нерезидентот во чија корист треба да се изврши плаќањето, а во осенчаното поле се впишува шифрата на земјата на нерезидентот од шифрарникот на земји, независно од тоа преку која земја се врши плаќањето, или шифрата на меѓународната организација;

5) Назив и адреса на банката на нерезидентот, во првото осенчано поле се впишува шифрата на земјата од шифрарникот на земји, а во второто осенчано поле СВИФТ-ознаката на банката. Адресата на банката на нерезидентот се пополнува само во случај кога банката нема СВИФТ-ознака;

6) Во првото и второто осенчано поле: шифра и скратен назив на валутата од шифрарникот на валути; во третото осенчано поле: износот во валута во кој треба да се плати, со две децимални места и во четвртото осенчано поле: датумот на кој е извршено плаќањето од сметката на банката во странство, односно од сметката на нерезидентот кај банката. Датумот го пополнува налогодавачот, ако сака плаќањето да биде извршено на точно определен датум, во спротивно ова поле го пополнува банката;

7) При пополнување на оваа рубрика, налогодавачот поаѓа од вкупната обврска којашто ја плаќа. Во првата колона се внесува шифрата на основот од шифрарникот на основи, во втората колона - бројот на документот (кредитна пријава, одобрение од Народната банка итн.), во третата - опис на трансакцијата врз основа на која настанала обврската кон странство и во четвртата колона - износот на обврската во валута.
Ако налогодавачот плаќа обврска за повеќе основи, ги специфицира поединечно сите основи за кои настанала обврската (на пример: камата и главнина; стока и услуга).
Ако плаќањето е помало од обврската, се впишува вкупниот износ на обврската и износот за кој е намалена таа обврска (пример: фактурната вредност на царинскиот документ и добиеното одобрение од нерезидентот со кое е намалена обврската). Износот на намалената обврска се внесува со негативен предзнак.
Вкупниот износ за плаќање мора да е идентичен со износот во валута од рубрика 7.
Доколку налогодавачот не ја пополни колоната „шифра на основ", шифрирањето го врши банката дополнително согласно со описот на трансакцијата.

8) Се наведува на чиј товар ќе се засметаат трошоците на банките за извршување на плаќањето;

9) Место, датум и заверка од страна на налогодавачот;

10) Се внесува местото и датумот кога банката го прифатила налогот за извршување, како и заверка од страна на банката;

11-12) Податоци за книжење на задолжувањето и одобрувањето на банката;

13) Во оваа рубрика банката внесува податоци за сметката (сметките) од која се обезбедуваат средствата за покритието за извршување на плаќањето во странство (на пример: покритие од сметката 7000, 7001, 7053, 702, 80, 50, 51, 52 итн.);

14) Забелешка, место и датум на обработка на плаќањето и заверка од страна на банката.

Образец 1451- Налог за отворање акредитив

Налогот за отворање на акредитив го изготвува налогодавачот и тој се состои од две страници.

Прва страница

Народната банка не ја пропишува содржината и формата на образецот 1451 - Налог за отворање на акредитив (прва страница), којашто се однесува на акредитивните услови. Формата и содржината на првата страница на образецот 1451 ја изработува банката согласно со сопствените потреби и неа ја објавува и ја прави достапна за своите клиенти.

Втора страница (ВС 71)

Втората страница се однесува на податоците од договорот со нерезидентот и се пополнува на идентичен начин како налогот 1450 при извршување дознака во странство, со исклучок на рубриките:

2) Во полето ,под ознаката на образецот се впишува шифрата на инструментот на плаќање „5";

3) Број на отворениот ностро-акредитив од регистарот на отворени акредитиви;
9-10) Податоци за книжење на задолжувањето и одобрувањето на банката, ако со налогот за отворање акредитив едновремено се обезбедува и покритие;

11) Просторот во оваа рубрика го користи банката за внесување податоци за покритието за отворениот акредитив согласно со договорот со налогодавачот: датум на кој и сметка од која се обезбедува покритието (на пример: покритие на сметката 7000, 7001, 7053, 702, 80, 50, 51, 52 итн.). Овој датум не може да биде подоцна од датумот на плаќање врз основа на отворениот акредитив.

12) Место и датум кога банката го прифатила налогот за извршување, како и заверка од страна на банката.

Образец 1450 - Извештај за исплата на акредитив (ВС 70)

Извештајот за исплата на акредитивот - образец 1450 го пополнува банката со истите податоци од образецот 1451 (втора страница).

Образец 746 - Општ девизен налог (ВС 66/77)

Ако со Упатството не е поинаку предвидено, образецот 746 се користи за книжење на преносот на девизи од една на друга девизна сметка во меѓусебните односи на банките, а може да се користи и како интерен налог во банката.

Во рубриките на овој образец се внесуваат следниве податоци:

1) При известување до Народната банка за состојбата и прометот на одредена извештајна сметка, ВС 66 се употребува за книжење на товар (промет должи), а ВС 77 за книжење во корист (промет побарува).

2) Назив, адреса и матичен број на банката којашто го издава налогот на овој образец;

3) Назив, адреса и матичен број на банката до која се упатува налогот;

4) Бројот под кој е налогот заведен во регистарот на банката;

5) Датумот на кој е одобрена, односно задолжена сметката на банката, во зависност од видот на работата за која се користи налогот на овој образец;

6-9) Овие рубрики се користат за книжење во банките во зависност од видот на работите за кои се користи овој образец. Ако согласно со Упатството, се врши пренос на средства помеѓу сметките на клиентите кај иста или друга банка, во колоната бр. 1 се наведува матичниот број на клиентот.

10) Го користи банката за свои потреби;

11) Забелешка, место и датум на обработка и заверка од страна на банката.

Извештај ИСП - Извештај за состојбата и прометот (ВС 00)

Банката го изготвува овој извештај за сметките од прилогот 3 од ова упатство, при што износите во извештајот ги внесува со две децимални места.
Во насловот на овој извештај се наведува датумот за кој се известува, називот и матичниот број на банката, како и бројот на сметката за која се доставува извештајот.

Во колоните на овој извештај се внесуваат следниве податоци:

1-2) скратен назив и шифра на валутата од шифрарникот на валути;
3) износ на почетната состојба во валута;
4) износ на задолжувањето на сметката во валута;
5) износ на одобрувањето на сметката;
6) износ на новата состојба во валута.

Банката го заверува извештајот со потпис.

Износот на почетната состојба на извештајот во валута мора да е идентичен со износот на новата состојба од претходниот извештај.

Спецификација 53 - Спецификација на откупени ефективни странски пари и положени на девизни сметки (ВС 53)

Овој образец се користи како спецификација на задолжувањето на сметката 3000.

Банката ги пополнува колоните во овој образец согласно со нивниот опис, и тоа:

- за физичко лице - резидент и нерезидент, збирно како еден податок по валути за сите извршени трансакции со иста шифра на основот и исто книжење;

- за правно лице резидент и нерезидент, збирно по валути во колоната „разни основи", при што е должна да приложи примерок од образецот 743, 746 и 1450, согласно со одредбите на ова упатство.

Износите во валути од колоните по сите основи, вклучително и разни основи, мораат да одговараат на прометот на товар на сметката 3000 од извештајот ИСП.

Спецификација 54 - Спецификација на продадени ефективни странски пари и подигнати од девизни сметки (ВС 54)

Овој образец се користи како спецификација на одобрувањето на сметката 3000.

Банката ги пополнува колоните во овој образец согласно со нивниот опис, и тоа:

- за физичко лице - резидент и нерезидент, збирно како еден податок по валути за сите извршени трансакции со иста шифра на основот и исто книжење;

- за правно лице - резидент, збирно по валути во колоната „разни основи", при што е должна поединечно да извести за податоците од оваа колона согласно со одредбите на ова упатство.

Износите во валути во колоните по сите основи, вклучително и разни основи, мораат да одговараат на прометот во корист на сметката 3000 од извештајот ИСП.

Спецификација 55 - Спецификација на откупени странски чекови и одобрени во корист на девизни сметки (ВС 55)

Овој образец се користи како спецификација на задолжувањето на сметката 3010, со исклучок на колоната „преноси" во која се искажува одобрување на сметката.

Банката ги пополнува колоните во овој образец согласно со нивниот опис, и тоа:

- за физичко лице - резидент и нерезидент, збирно како еден податок по валути за сите извршени трансакции со иста шифра на основот и исто книжење;

- за правно лице резидент и нерезидент, збирно по валути во колоната „разни основи", при што е должна поединечно да извести за податоците од оваа колона, согласно со одредбите на ова упатство.

Износите во валути во колоните по сите основи, вклучително и разни основи, мораат да одговараат на прометот на товар на сметката 3010 од извештајот ИСП (освен колоната „преноси во странство"). Износите во валута во колоната „преноси во странство" (основ 620), каде што се книжат чековите испратени во странство на наплата и наплатите на чекови на товар на примените покритија, мораат да одговараат на прометот во корист на сметката 3010.

Спецификација 56 - Спецификација за промет на сметка (ВС 56)

Согласно со одредбите во ова упатство, спецификацијата 56 се употребува за збирно искажување на прометот на сметката 808 за поединечните трансакции помали од 100.000,00 денари, за кои банката известува банката може да известува збирно.

Банката пополнува една спецификација 56 за прометот на товар на сметката 808 и една спецификација за прометот во корист на сметката 808, коишто се приложуваат заедно со извештајот ИСП на сметката 808. Бројот 1 се заокружува за известување на товар на сметката 808, а бројот 2 за известување во корист на сметката 808.

Во колоните на оваа спецификација се внесуваат следниве податоци:
1) Реден број на наименувањата;
2) Шифра на валутата од шифрарникот на валути: „807";
3) Шифра на основот од шифрарникот на основи;
4) Бројот на втората сметка на која се одразиле промените од тоа книжење;
5) Вкупниот износ во денари на сите трансакции коишто имаат ист основ и исто книжење;
6) Текстуален опис на основот за кој се извршени наплатите, т.е. плаќањата.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

159. Со денот на примената на ова упатство, престанува да важи Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/11, 156/11, 58/12, 173/12, 51/13, 144/13, 186/13, 96/14, 125/14, 19/15, 106/15 и 58/16).

160. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1.10.2016 година.

У.бр. 23917
28 јули 2016 година
Скопје

Гувернер,
Димитар Богов, с.р.

Прилог бр. 1

О Б Р А С Ц И

Образец 743

ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПЛАТА ОД СТРАНСТВО

ГО ПОПОЛНУВА БАНКАТА:

I.

1	БАНКА Назив: Адреса: ЕМБС Телефон Референт	2	КОРИСНИК НА НАПЛАТАТА 60 Назив: Адреса: (59) с-ка/IBAN: ЕМБ
		3	Налог број
4 (52)	На барање		
5 (50)	По налог		
6 (54)	Преку		
7 (70)	Основ		
8 (32A)	Наплативме Шифра на валута Ознака на валута Износ во валута Датум на валута		
9 (71F)	По налог на странската банка е одбиено Износ во валута		
10	На товар Во корист		
11	На товар Во корист		
12	Исплатна/приливна банка		
13	Наш надомест во износ од: Ден:		
14	Забелешка Место и датум Потпис на банката		

ГО ПОПОЛНУВА КОРИСНИКОТ НА НАПЛАТАТА*:

II.

15 Податоци за НБРМ (опис на сите трансакциикои се поврзани со наплатата):

р.б.	Шифра на основ	Бр. на документ	Опис на трансакцијата	Износ во валута
1				
2				
3				
4				
5				
			Вкупен износ на наплатата:	

16 банка на корисникот:

с-ка/IBAN на корисникот на наплатата:

17 Место и датум Потпис на корисникот на наплатата

* Во рок од 5 (пет) работни дена од приемот на извештајот должни сте да доставите податоци за наплатата.

Образец 145(

НАЛОГ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОЗНАКА ВО СТРАНСТВО
ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПЛАТА ПО АКРЕДИТИВ

ГО ПОПОЛНУВА НАЛОГОДАВАЧОТ:

I.

1 (50)	НАЛОГОДАВАЧ Назив: Адреса: с-ка/IBAN: ЕМБ	2 (52)	БАНКА **70** Назив: Адреса: ЕМБС
		3 (20)	Налог број
4 (59)	Во корист Назив: Адреса: с-ка/IBAN:		
5 (57)	Кај Назив: Адреса:		
6 (32A)	Да се плати: Шифра на валута	Ознака на валута	Износ во валута / Датум на валута

7 Податоци за НБРМ (опис на сите трансакциикои се поврзани со плаќањето):

р.б.	Шифра на основ	Бр. на документ	Опис на трансакцијата	Износ во валута
1				
2				
3				
4				
5				
			Вкупен износ за плаќање:	

8 (71A) Трошоци на банките за извршување на плаќањето:
на терет на: налогодавач ☐ корисник ☐ поделени ☐

9 Место и датум Потпис на налогодавачот

ГО ПОПОЛНУВА БАНКАТА:

II.

10	Прифаќање на налогот: Место и датум	Потпис на банката
11	На товар	
	Во корист	
12	На товар	
	Во корист	
13	Покритие: Дата:	Сметка:
14	Забелешка Место и датум	Потпис на банката

Образец 145:

НАЛОГ ЗА ОТВОРАЊЕ НА АКРЕДИТИВ (втора страна)

ГО ПОПОЛНУВА НАЛОГОДАВАЧОТ:

I.	1 (50)	НАЛОГОДАВАЧ Назив: Адреса: с-ка/IBAN: ЕМБ	2 (52)	БАНКА 71 Назив: Адреса: ЕМБС
			3 (20)	Налог број
	4 (59)	Во корист с-ка/IBAN: Назив: Адреса:		
	5 (57)	Кај Назив: Адреса:		
	6 (32A)	Да се плати: Шифра на валута; Ознака на валута; Износ во валута; Датум на валута		
	7	Податоци за НБРМ (опис на сите трансакциикои се поврзани со плаќањето):		

р.б.	Шифра на основ	Бр. на документ	Опис на трансакцијата	Износ во валута
1				
2				
3				
4				
5				
			Вкупен износ за плаќање:	

8

Место и датум Потпис на налогодавачот

ГО ПОПОЛНУВА БАНКАТА:

II.	9	На товар	
		Во корист	
	10	На товар	
		Во корист	
	11	Покритие: Дата: Сметка:	
	12	Прифаќање на налогот Место и датум Потпис на банката	

Образец 746

ОПШТ ДЕВИЗЕН НАЛОГ

1 6 6
7 7

2 БАНКА - НАЛОГОДАВАЧ

3 БАНКА НА КОРИСНИКОТ

4 НАЛОГ број

5 датум на промена - валута

Матичен број на налог. на кор.	Валута			Износ во денари	Основ	Сметка
	Шифра	Ознака	Износ			
1	2	3	4	5	6	7
6						
7						
8						
9						
10						
11	ЦЕЛ (Место и датум) (потпис)					

Прилог бр. 2

С П Е Ц И Ф И К А Ц И И

ИСП

ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОМЕТОТ

На ден

матичен број

назив на банката

СМЕТКА

ВАЛУТА		Почетна состојба на ден	ЗАДОЛЖЕНИЕ	ОДОБРЕНИЕ	Нова состојба на ден
ознака	шифра		износ во валута	износ во валута	
1	2	3	4	5	6

Потпис на банката

Службен весник на Република Македонија

Спецификација 53

_____
(назив на банката) матичен број

СПЕЦИФИКАЦИЈА

на откупени ефективни странски пари и положени на девизни сметки (ПРИЛИВ)

во периодот до 20 година

ВАЛУТА		Откупено за денари од:		Положени на девизни сметки на:		Замена	Наплати во корист на правни лица резиденти и нерезиденти	Положени за купување општествен капитал	Преноси	
		Нерезиденти	Резиденти физички лица	Резиденти физички лица	Нерезиденти				Од странство	Во земјата
Ознака	Шифра	220	430	420	549	660	разни основи*	421	621	622

*Се приложуваат примероци на обрасци за задолжување на сметката 3000.

_____ (место и датум)

_____ (потпис на банката)

Спецификација 54

_____
(назив на банката) матичен број

СПЕЦИФИКАЦИЈА

на продадени ефективни странски пари и исплатени од девизни сметки (ОДЛИВ)

во периодот до 20 година

ВАЛУТА		Продадени ефективни странски пари на физички лица		Подигнати од девизни сметки на:		Замена	Плаќања од резиденти - правни лица	Преноси	
		Нерезиденти	Резиденти	Резиденти физички лица	Нерезиденти			Во странство	Во земјата
Ознака	Шифра	220	430	420	549	660	разни основи*	621	622

*Се приложуваат примероци на обрасци за одобрување на сметката 3000.

_____ (место и датум)

_____ (потпис на банката)

Службен весник на Република Македонија

Спецификација 55

_____
(назив на банката) матичен број

СПЕЦИФИКАЦИЈА

на откупени странски чекови и одобрени во корист на девизни сметки

во периодот до 20 година

ВАЛУТА		Откупено за денари од:		Одобрено во корист на девизни сметки			Наплати во корист на правни лица резиденти	Преноси
		Нерезиденти	Резиденти физички лица	Резиденти физички лица		Нерезиденти		Во странство
Ознака	Шифра	220	430	420	320	549	разни основи*	620

*Се приложуваат примероци на обрасци за задолжување на сметката 3010.

_____ (место и датум)

_____ (потпис на банката)

Образец - 56

СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ПРОМЕТ на сметка _____

1 - на товар
2 - во корист
(заокружи)

банка: матичен број _____

за период од _____ до _____

ред. број	валута	основ	противсметка	износ	опис на трансакција
1	2	3	4	5	6

Место и датум

Потпис на банката

Прилог бр. 3

ПРЕГЛЕД НА СМЕТКИТЕ ЗА КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ ИЗВЕШТАИ

Број на сметка	Динамика на доставување извештаи	Почетна состојба	Промет на товар	Промет во корист	Крајна состојба
2924*	декадно	x		x	x
3000	декадно	x	x	x	x
3010	декадно	x	x	x	x
3100	дневно	x	x	x	x
3101	дневно	x	x	x	x
3102	дневно	x	x	x	x
3110*	декадно	x	x		x
3150	месечно	x		x	x
3112	дневно	x	x	x	x
3151	месечно	x		x	x
3154	месечно	x		x	x
7051*	декадно	x	x		x
7080	декадно	x	x	x	x
7081	декадно	x	x	x	x
7082	декадно	x	x	x	x
7085	декадно	x	x	x	x
7087	декадно	x	x	x	x
8080	декадно	x	x	x	x
8081	декадно	x	x	x	x
8082	декадно	x	x	x	x
8085	декадно	x	x	x	x
8087	декадно	x	x	x	x

* Известува само исплатната банка кога не е едновремено и приливна банка.

Прилог бр.4

ШИФРИ НА ОСНОВИ ЗА НАПЛАТА И ПЛАЌАЊА

ТРАНСАКЦИИ ПОМЕЃУ РЕЗИДЕНТИ И НЕРЕЗИДЕНТИ		
А. ТЕКОВНИ ТРАНСАКЦИИ		
СТОКИ		
Шифри	**Наплата**	**Плаќања**
112	**Извоз на стоки:** наплата за извоз на стока. *За наплата на извоз на стока за кој е склучен писмен договор за кредит со рок на наплата подолг од една година (предмет на поединечно известување согласно со Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи) види Капитални трансакции - Останати вложувања - заеми, кредити и финансиски закуп. За продадената стока во рамките на работите на посредување види Други деловни услуги.*	**Увоз на стоки:** плаќања за увоз на стока. *За плаќање на увоз на стока за кој е склучен писмен договор за кредит со рок на плаќање подолг од една година (предмет на поединечно известување согласно со Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи) види Капитални трансакции - Останати вложувања - заеми, кредити и финансиски закуп. За купената стока во рамките на работите на посредување види Други деловни услуги.*
540	**Аванси при извоз на стоки:** однапред наплатен извоз на стока. *За однапред наплатен извоз на стока којшто ќе се изврши во рок подолг од една година и за кој е склучен писмен договор за кредит (предмет на поединечно известување согласно со Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи) види Капитални трансакции - Останати вложувања - заеми, кредити и финансиски закуп.*	**Аванси за увоз на стоки:** однапред платен увоз на стока. *За однапред платен увоз на стока којшто ќе се изврши во рок подолг од една година и за кој е склучен писмен договор за кредит (предмет на поединечно известување согласно со Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи) види Капитални трансакции - Останати вложувања - заеми, кредити и финансиски закуп.*
120	**Извоз на стоки без царинска декларација:** наплата за извоз на стоки за кои при извозот не е изготвена царинска декларација, независно од тоа дали наплатата е извршена пред или по набавката на стоките (книги, стручна литература и друго).	**Увоз на стоки без царинска декларација:** плаќање за увоз на стоки за кои при увозот не е изготвена царинска декларација, независно од тоа дали плаќањето е извршено пред или по набавката на стоките (книги, стручна литература и друго).
130	**Одобрување:** разлика помеѓу наплатата и фактурната вредност на извезената стока врз основа на одобрение/задолжение од нерезидент/резидент - поголема наплата.	**Одобрување:** разлика помеѓу плаќањето и фактурната вредност на увезената стока врз основа на одобрение/задолжение од нерезидент/резидент - помало плаќање.

131	**Задолжување:** разлика помеѓу наплатата и фактурната вредност на извезената стока врз основа на задолжение/одобрение од нерезидент/резидент - помала наплата.	**Задолжување:** разлика помеѓу плаќањето и фактурната вредност на увезената стока врз основа на задолжение/одобрение од нерезидент/резидент - поголемо плаќање.

	Работи на посредување во трговија со стоки	
640	**Работи на посредување со стоки:** наплата во рамките на работите на посредување. Посредувањето е определено како купување на стока, којашто домашниот посредник ја купува од нерезидент и повторно ја продава на нерезидент. *За провизија во рамките на работите на посредување види Посредничка провизија при работи на посредување - стоки.*	**Работи на посредување со стоки:** плаќање во рамките на работите на посредување со стоки. Посредувањето е определено како купување на стока, којашто домашниот посредник ја купува од нерезидент и повторно ја продава на нерезидент.
290	**Посредничка провизија при работи на посредување - стоки**	
	УСЛУГИ	
	Облагородување и поправки	
264	**Услуги за облагородување стоки:** индустриска доработка, преработка и обработка на стоки.	**Услуги за облагородување стоки:** индустриска доработка, преработка и обработка на стоки.
267	**Услуги за поправка:** сите услуги за поправка и сервисирање извршени во земјата со ЕЦД. *Исклучок: 1. поправките коишто ги извршуваат градежни и монтажни претпријатија - види Инвестициски работи - изградба и монтажа; 2. поправката на компјутерската опрема - види Компјутерски и информативни услуги; 3.одржување опрема на аеродроми - види Воздушен сообраќај останато.*	**Услуги за поправка:** сите услуги за поправка и сервисирање извршени во странство со ЕЦД.. *Исклучок: 1. поправките коишто ги извршуваат градежни и монтажни претпријатија - види Инвестициски работи - изградба и монтажа, 2. поправката на компјутерската опрема - види Компјутерски и информативни услуги; 3.одржување опрема на аеродроми - види Воздушен сообраќај останато.*
	ТРАНСПОРТ*	
	Воден сообраќај	
200	**- Превоз на стоки**	**- Превоз на стоки**
201	**- Превоз на патници**	**- Превоз на патници**
202	**- Закуп со посада**	**- Закуп со посада**
203	**- Останато**	**- Останато**
	Воздушен сообраќај	
210	**- Превоз на стоки**	**- Превоз на стоки**

211	**- Превоз на патници**	**- Превоз на патници**
212	**- Закуп со посада**	**- Закуп со посада**
213	**- Останато**	**- Останато**
	Железнички сообраќај	
205	**- Превоз на стоки**	**- Превоз на стоки**
206	**- Превоз на патници**	**- Превоз на патници**
207	**- Закуп со посада**	**- Закуп со посада**
208	**- Останато**	**- Останато**

	Патен сообраќај	
215	**- Превоз на стоки**	**- Превоз на стоки**
216	**- Превоз на патници**	**- Превоз на патници**
217	**- Закуп со посада**	**- Закуп со посада**
218	**- Останато**	**- Останато**
	***Превоз на патници:** превоз на нерезиденти во меѓународен промет со домашни транспортни средства, вклучително и другите трошоци коишто настануваат при превоз на патници на пр. трошоците за вишок на багаж, храна и пијалаци на превозните средства. *За превоз на нерезиденти со домашни превозни средства во Република Македонија види - Патување.*	***Превоз на патници:** превоз на резиденти во домашниот и меѓународниот промет со странски транспортни средства, вклучително и другите трошоци коишто настануваат при превоз на патници на пр. трошоците за вишок на багаж, храна и пијалаци на превозните средства.
	***Превоз на стоки:** превоз на стоки и трошоци за утовар и истовар ако во договорот помеѓу сопственикот на стоката и превозникот е договорено овие услуги да ги изврши превозникот.	***Превоз на стоки:** превоз на стоки и трошоци за утовар и истовар, ако во договорот помеѓу сопственикот на стоката и превозникот е договорено овие услуги да ги изврши превозникот.
	***Закуп со посада:** вклучен закуп на возила со посада за одреден период. *За финансиски закуп на возила види - Капитални трансакции - Останати вложувања.*	***Закуп со посада:** вклучен закуп на возила со посада за одреден период. *За финансиски закуп на возила види - Капитални трансакции - Останати вложувања.*
	***Останато:** сите видови услуги на аеродроми и други терминални линии: карго, утовар, истовар, чување и складирање, паркирање, одржување и чистење на транспортната опрема, влечење возила, со вклучени провизии и маржи на агентите за извршените услуги за превоз на стоки и патници. *За останато складирање стока види Други деловно-технички услуги.*	***Останато:** сите видови услуги на аеродроми и други терминални линии: карго, утовар, истовар, чување и складирање, паркирање, одржување и чистење на транспортната опрема, влечење возила, со вклучени провизии и маржи на агентите за извршените услуги за превоз на стоки и патници. *За останато складирање стока види Други деловно-технички услуги.*

	Останат транспорт	
219	**Транспорт на нафта и гас по цевовод.**	**Транспорт на нафта и гас по цевовод.**
289	**Услуги за транзит на електрична енергија.**	**Услуги за транзит на електрична енергија.**
260	**Шпедитерски услуги.**	**Шпедитерски услуги.**
276	**Други услуги поврзани со транспорт:** патарини, транзитни такси, такси за прелет.	**Други услуги поврзани со транспорт:** експлоатациски трошоци, патарини, транзитни такси, такси за прелет.

	ПАТУВАЊЕ	
220	**Откуп на странски ефективни пари и чекови од нерезиденти** коишто престојуваат во Република Македонија; продадени бонови за патарина и гориво; *За откуп на странски ефективни пари и чекови од резиденти види Трансакции помеѓу резиденти и неутрални трансакции.*	**Ретрансфер:** продадени странски ефективни пари и чекови на нерезиденти коишто престојуваат во Република Македонија; *За продажба на странски ефективни пари и чекови на резиденти види Трансакции помеѓу резиденти и неутрални трансакции.*
221		**Плаќање во странство за продадени чекови на странски издавачи.**
225		**Службени патувања во странство:** подигнати странски ефективни пари и чекови за плаќање трошоци во деловни цели; како и плаќања во странство со деловни парични картички. *За експлоатациските трошоци види Останат транспорт.*
226	**Туризам:** дознаки во корист на туристички организации, туристички агенции, хотели, други сместувачки и угостителски објекти.	**Туризам:** дознаки во корист на странски туристички организации, туристички агенции, хотели, други сместувачки и угостителски објекти.
222	**Играчница:** положени странски ефективни пари и чекови од игри на среќа.	**Играчници:** подигнати странски ефективни пари за потребите на приредувачот на игри на среќа.
227	**Останато**: продажба на стоки и услуги на туристи кои престојуваат во Република Македонија наплатени со чекови, парични картички, како и подигната ефектива во денари од сметките на нерезидентите во денари (сметка 808); ловни и риболовни дозволи.	**Останато**: купување странска стока и плаќање услуги од страна на резиденти со патнички чекови и парични картички при патување во странство.
228	**Здравствени услуги:** лекување на нерезиденти во домашни здравствени установи и трошоци за болничко сместување.	**Здравствени услуги:** лекување на резиденти во странски здравствени установи и трошоци за болничко сместување.

229	**Школување:** целокупните трошоци за школување, стипендии и школарини, трошоци за специјализација на нерезиденти во Република Македонија.	**Школување:** целокупните трошоци за школување, стипендии и школарини, трошоци за специјализација на резиденти во странство.
	КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ	
230	**Телекомуникации:** пренос на звук, пренос на информации по телефон или телекс, телеграми, кабелски или сателитски пренос, вклучително и претплатите за гледање сателитска програма, закуп на сателити, електронска пошта.	**Телекомуникации:** пренос на звук, пренос на информации по телефон или телекс, телеграми, кабелски или сателитски пренос, вклучително и претплатите за гледање сателитска програма, закуп на сателити, електронска пошта.
231	**Поштенски услуги:** достава на пошта, курирски услуги.	**Поштенски услуги:** достава на пошта, курирски услуги.

	ИНВЕСТИЦИСКИ РАБОТИ, ИЗГРАДБА И МОНТАЖА	
233	**Изведување на инвестициски работи во земјата:** наплати од странство врз основа на изведување инвестициски работи во земјата коишто ги изведуваат нерезиденти.	
234	**Услуги за изградба и монтажа:** вклучувајќи ги и извезените стоки, коишто согласно со договорот во ЕЦД се декларирани како извоз врз основа на инвестициски работи во странство, ако работите се пократки од една година.	**Услуги за изградба и монтажа:** вклучувајќи ги и увезените стоки, коишто согласно со договорот во ЕЦД се декларирани како увоз врз основа на инвестициски работи во земјата, ако работите се пократки од една година.
235		**Инвестициски работи во странство:** плаќања кон странство врз основа на изведување на инвестициски работи коишто имаат долгорочно значење.
236	**Аванси врз основа на изведување инвестициски работи во странство ако инвестициските работи се од долгорочно значење:** аванси односно приливи врз основа на привремени ситуации и пресметки. *За наплата на добивка од извршени инвестициски работи види Доход од капитал.*	**Изведување на инвестициски работи во земјата:** плаќања кон странство врз основа на изведување на инвестициски работи коишто ги изведуваат нерезиденти, вклучувајќи ги и авансните плаќања.
	ОСИГУРУВАЊЕ	
238	**Осигурување - премија.**	**Осигурување - премија.**
239	**Осигурување - надомест на штета:** склучувач на осигурувањето кај странски осигурувач и корисник е резидент.	**Осигурување - надомест на штета:** склучувач на осигурувањето кај домашен осигурувач и корисник е нерезидент.

240	**Осигурување - надомест на штета:** склучувач на осигурувањето кај странски осигурувач е нерезидент, а корисникот е резидент.	**Осигурување - надомест на штета:** склучувач на осигурувањето кај домашен осигурувач е резидент, а корисникот е нерезидент.
241	**Осигурување - провизија.**	**Осигурување - провизија.**
242	**Реосигурување - премија.**	**Реосигурување - премија.**
243	**Реосигурување - надомест на штета.**	**Реосигурување - надомест на штета.**
244	**Реосигурување - провизија.**	**Реосигурување - провизија.**
	ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ	
245	**Провизии и трошоци во банкарско работење:** посредување при вршење на платниот промет со странство и кредитно посредување, вклучително и трошоци за гаранции.	**Провизии и трошоци во банкарско работење:** посредување при вршење на платниот промет со странство и кредитно посредување, вклучително и трошоци за гаранции.
246	**Провизии за друго финансиско посредување:** посредување при издавање, воведување и тргување со хартии од вредност, водење старателски сметки, како и други помошни работи поврзани со финансиското посредување.	**Провизии за друго финансиско посредување:** посредување при издавање, воведување и тргување со хартии од вредност, како и други помошни работи поврзани со финансиското посредување.
	КОМПЈУТЕРСКИ И ИНФОРМАЦИСКИ УСЛУГИ	
250	**Компјутерски услуги**: обработка на податоци, изработка на компјутерски програми, преземање апликативни решенија - софтвер од интернет, советувања од областа на компјутеризацијата, поправка и одржување на компјутерската опрема, како и наплата на надоместок за употреба и продажба на права на интелектуална сопственост од компјутерски услуги.	**Компјутерски услуги**: обработка на податоци, изработка на компјутерски програми, преземање апликативни решенија - софтвер од интернет, советувања од областа на компјутеризацијата, поправка и одржување на компјутерската опрема, како и плаќање надоместок за употреба и купување права на интелектуална сопственост од компјутерски услуги.
251	**Услуги на новински агенции**: провизии за вести, фотографии, статии.	**Услуги на новински агенции**: провизии за вести, фотографии, статии.
252	**Останати информациски услуги**: услуги поврзани со бази на податоци, како складирање и објавување податоци; портали за интернет-пребарување; поединечна претплата на весници и списанија (било преку е-пошта, електронски пренос или на друг начин).	**Останати информациски услуги**: услуги поврзани со бази на податоци, како складирање и објавување податоци; портали за интернет-пребарување; поединечна претплата на весници и списанија (било преку е-пошта, електронски пренос или на друг начин).

	ПРАВА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ	
255	**Лиценци, патенти, трговски марки, франшиза и други авторски права:** наплата на надоместок: за употреба на франшизи, трговски марки и патенти; и за репродукција и/или дистрибуција на правата на интелектуална сопственост. *За продажба на франшиза и трговски марки види Капитални трансакции - стекнување непроизводни, нефинансиски средства.*	**Лиценци, патенти, трговски марки, франшиза и други авторски права:** плаќање на надоместок: за употреба на франшизи, трговски марки и патенти; и за репродукција и/или дистрибуција на правата на интелектуална сопственост. *За купување франшиза и трговски марки види Капитални трансакции - стекнување непроизводни, нефинансиски средства.*
	ДРУГИ ДЕЛОВНИ УСЛУГИ	
	Посредување и други услуги поврзани со трговија	
641	**Работи на посредување со услуги:** наплата во рамките на работите на посредување со услуги. Посредувањето со услуги е определено како услуга којашто домашниот посредник ја обезбедува од нерезидент и ја дава (обезбедува) на друг нерезидент. *За провизија во рамките на работите на посредување со услуги види Посредничка провизија при работи на посредување - услуги.*	**Работи на посредување со услуги:** плаќање во рамките на работите на посредување со услуги. Посредувањето со услуги е определено како услуга којашто домашниот посредник ја обезбедува од нерезидент и ја дава (обезбедува) на друг нерезидент.
291	**Посредничка провизија при работи на посредување - услуги.**	
263	**Останати услуги поврзани со трговија:** провизии за посредници и застапници во трговската размена на стоки и услуги со нерезиденти.	**Останати услуги поврзани со трговија:** провизии за посредници и застапници во трговската размена на стоки и услуги со нерезиденти.

	Оперативен лизинг	
265	**Оперативен лизинг на опрема**: сите видови оперативен лизинг на опрема (машини, компјутери и друга опрема); оперативен лизинг на транспортни средства без посада. *За финансиски лизинг види Капитални трансакции - Останати вложувања.*	**Оперативен лизинг на опрема**: сите видови оперативен лизинг на опрема (машини, компјутери и друга опрема); оперативен лизинг на транспортни средства без посада. *За финансиски лизинг види Капитални трансакции - Останати вложувања.*
	Други деловни, професионални и технички услуги	
266	**Истражување и развој:** научни истражувања, лабораториски и други услуги, проекти и елаборати; наплата на надоместок од продажба на права на интелектуална сопственост.	**Истражување и развој:** научни истражувања, лабораториски и други услуги, проекти и елаборати; плаќање надоместок од купување права на интелектуална сопственост.

269	**Правни услуги:** правни услуги и котизации за семинари.	**Правни услуги:** правни услуги и котизации за семинари.
253	**Сметководствени услуги:** сметководствени услуги, ревизии, консултантски услуги и котизации за семинари.	**Сметководствени услуги:** сметководствени услуги, ревизии, консултантски услуги и котизации за семинари.
254	**Деловно-раководни услуги:** деловно-раководни услуги, ревизии, услуги поврзани со односи со јавноста, консултантски услуги, котизации за деловни семинари.	**Деловно-раководни услуги:** деловно-раководни услуги, ревизии, услуги поврзани со односи со јавноста, консултантски услуги, котизации за деловни семинари.
262	**Пропаганда и истражување на пазарот:** анкетирање на јавното мислење, огласување во медиуми, саемски приредби, промоција на производи во странство, трошоци за учество на тендер.	**Пропаганда и истражување на пазарот:** анкетирање на јавното мислење, огласување во медиуми, саемски приредби, промоција на производи во странство, трошоци за учество на тендер.
273	**Архитектонски услуги**.	**Архитектонски услуги**.
256	**Инженерски услуги**.	**Инженерски услуги**.
257	**Научни и други технички услуги:** спроведување прашалници и анкети, картографија, тестирање производи и сертификување.	**Научни и други технички услуги:** спроведување прашалници и анкети, картографија, тестирање производи и сертификување.
274	**Земјоделски и рударски услуги, третман на отпад и заштита на средината**.	**Земјоделски и рударски услуги, третман на отпад и заштита на средината**.
277	**Складирање во магацински простории.** *За складирање на аеродроми и други терминални линии види Транспорт - останато.*	**Складирање во магацински простории.** *За складирање на аеродроми и други терминални линии види Транспорт - останато.*
261	**Квалитативен и квантитативен прием на стоки:** контрола на квалитетот и квантитетот при прием на стока, техничко тестирање стока, анализа и издавање сертификат.	**Квалитативен и квантитативен прием на стоки:** контрола на квалитетот и квантитетот при прием на стока, техничко тестирање стока, анализа и издавање сертификат.
275	**Наплата на наемнина за закуп на простории**.	**Плаќање на наемнина за закуп на простории**.

278	**Други услуги:** превод и толкување, фотографски услуги, услуги за чистење, комунални услуги и сл.	**Други услуги:** превод и толкување, фотографски услуги, услуги за чистење, комунални услуги и сл.
279	**Намалување на побарување од нерезидент по дадени услуги (дисконт).**	**Намалување на обврска кон нерезидент по примени услуги (дисконт).**

	ЛИЧНИ, КУЛТУРНИ И РЕКРЕАТИВНИ УСЛУГИ	
271	**Аудиовизуелни услуги:** наплата на надоместок за употреба и продажба на права на интелектуална сопственост од филмска и видеодејност, радио и телевизија; преземање аудио и видеозаписи од интернет.	**Аудиовизуелни услуги:** плаќање надоместок за употреба и купување права на интелектуална сопственост од филмска и видеодејност, радио и телевизија; преземање аудио и видеозаписи од интернет.
270	**Култура, спорт и рекреација:** услуги на музеи, книжарници, оркестри, други културни и спортски дејности; котизации и членарини за културни и спортски организации.	**Култура, спорт и рекреација:** услуги на музеи, книжарници, оркестри, други културни и спортски дејности; котизации и членарини за културни и спортски организации.
272	**Хонорари на лекари, предавачи за извршените услуги.**	**Хонорари на лекари, предавачи за извршените услуги.**
	ВЛАДИНИ УСЛУГИ	
280	**Странски амбасади, конзулати, воени и одбранбени организации, мировни сили:** стоки и услуги набавени за потребите на овие институции во Република Македонија; лични трошоци на дипломатите и конзуларниот персонал и членовите на нивните семејства во Република Македонија.	**Амбасади, конзулати, воени и одбранбени организации, мировни сили на Република Македонија:** стоки и услуги набавени за потребите на овие институции во странство; лични трошоци на дипломатите, конзуларниот персонал и членовите на нивните семејства во странство. Платени конзуларни такси (визи и други трошоци) на странски амбасади и конзулати.
281	**Приходи на домашни амбасади и конзулати.**	
282	**Заеднички воени аранжмани и мировни сили:** приходи од вакви аранжмани.	**Заеднички воени аранжмани и мировни сили:** расходи од вакви аранжмани.
	ДОХОД	
	ДОХОД ОД ДЕЛО	
310	**Плати и други видови надоместоци:** бруто плата на вработени резиденти во странски дипломатски и други претставништва и меѓународни организации; на сезонски работници вработени во странство за извршување работи пократки од 6 месеци; на дневните мигранти на работа во странство.	**Плати и други видови надоместоци:** бруто плата на вработени нерезиденти во домашни дипломатски и други претставништва во странство; на сезонски работници вработени во Република Македонија за извршување работи пократки од 6 месеци; на дневните мигранти на работа во Република Македонија.

ДОХОД ОД КАПИТАЛ		
Доход од вложување во сопственички хартии од вредност, односно удели во капиталот на странското друштво		
330	**Дивиденди од странски сопственички хартии од вредност и други исплатени добивки од удел во капиталот на странското друштво, коишто имаат третман на директна инвестиција на резидентот во странство:** трансфер на добивката.	**Дивиденди од домашни сопственички хартии од вредност и други исплатени добивки од удел во капиталот на домашното друштво, коишто имаат третман на директна инвестиција на нерезидент во Република Македонија:** трансфер на добивката.
333	**Дивиденди од странски сопственички хартии од вредност и други исплатени добивки од удел во капиталот на странското друштво коишто имаат третман на портфолио инвестиција на резидентот во странство**: трансфер на добивката.	**Дивиденди од домашни сопственички хартии од вредност и други исплатени добивки од удел во капиталот на домашното друштво коишто имаат третман на портфолио инвестиција на нерезидентот во Република Македонија**: трансфер на добивката.
334	**Доход од вложување на резидентите во удели на странски инвестициски фондови.**	**Доход од вложување на нерезидентите во удели на домашни инвестициски фондови.**
Доход од вложување во должнички хартии од вредност		
331	**Наплатена камата од вложување во странски должнички хартии од вредност.**	**Платена камата од вложување во домашни должнички хартии од вредност.**
Доход од вложување во други облици на капитал		
340	**Доход од недвижности во странство.**	**Доход од недвижности во Република Македонија.**
350	**Наплатена камата за среднорочни и долгорочни кредити одобрени на нерезиденти, вклучително и камата за финансиски лизинг.**	**Платена камата за користени среднорочни и долгорочни кредити одобрени од нерезиденти, вклучително и камата за финансиски лизинг.**
351	**Наплатена камата за краткорочни кредити одобрени на нерезиденти, вклучително и камата на финансиски лизинг.**	**Платена камата за користени краткорочни кредити одобрени од нерезиденти, вклучително и камата на финансиски лизинг.**
352	**Наплатена камата на депозити, вклучително и камата на тековни сметки.**	**Платена камата на депозити, вклучително и камата на тековни сметки.**
346	**Други трошоци по основ на одобрени кредити на нерезиденти:** трошоци за неискористени средства (commitment fee).	**Други трошоци по основ на користени кредити од нерезиденти:** трошоци за неискористени средства (commitment fee).
353	**Наплата на казнена камата.**	**Платена казнена камата.**

	ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ	
400	**Официјални трансфери:** помош и подарок од странски влади и меѓународни организации на државна институција (сектор - држава).	**Официјални трансфери:** помош и подарок на странски влади и меѓународни организации од државна институција (сектор - држава); придонеси за членство на Република Македонија во меѓународни организации.
404	**Даноци од доход и имот, такси, други јавни давачки и камати за нивно ненавремено плаќање.** *За данок на наследство и на подарок на капитално добро види Капитален трансфер.*	**Даноци од доход и имот, такси, други јавни давачки и камати за нивно ненавремено плаќање.** *За данок на наследство и на подарок на капитално добро види Капитален трансфер.*
403	**Судски и царински депозити, кауции и казни.**	**Судски и царински депозити, кауции и казни.**
441	**Поврат на странски даноци платени од резиденти во странство.**	**Поврат на даноци и други јавни давачки платени од нерезиденти во Република Македонија.**
442	**Донации во корист на резиденти - регионални центри:** бруто вредност на донација.	**Пренос на примени донации од страна на резидент - регионален центар на нерезидент - корисник на донацијата.**
410	**Дознаки од странство:** сите дознаки од иселеници и работници кои престојуваат во странство во корист на резиденти - физички лица во Република Македонија.	**Дознаки во странство:** дознаки на резиденти - физички лица во корист на нерезиденти - физички лица (едностран трансфер).
440	**Останати тековни трансфери во корист на резиденти:** помош и подарок, награди, наследства, мираз, алиментации, издршки, добивки од игри на среќа, спонзорство на спортски и културни манифестации и сл., придонеси за членство во верски, хуманитарни, научни и културни организации и други видови трансфери.	**Останати тековни трансфери во корист на нерезиденти:** помош и подарок, награди, наследства, мираз, алиментации, издршки, добивки од игри на среќа, спонзорство на спортски и културни манифестации и сл., придонеси за членство во верски, хуманитарни, научни и културни организации и други видови трансфери.
320	**Пензии, инвалиднини и други социјални примања.**	**Пензии, инвалиднини и други социјални примања.**
	Б. КАПИТАЛНИ ТРАНСАКЦИИ	
	КАПИТАЛНИ ТРАНСФЕРИ	
501	**Трансфери од нерезиденти за стекнување опрема и други основни средства за однапред дефинирани инвестициски проекти.**	**Трансфери кон нерезиденти за опрема и други основни средства за однапред дефинирани инвестициски проекти.**
504	**Данок на наследство и на подарок на капитално добро.**	**Данок на наследство и на подарок на капитално добро.**

507	**Останати капитални трансфери од нерезиденти за надомест при штети непокриени со полиса за осигурување; завештание.**	**Останати капитални трансфери кон нерезиденти за надомест при штети непокриени со полиса за осигурување; завештание.**
502	**Трансфери од мигранти и други капитални трансфери:** пренос на средства поврзани со миграција на поединци во Република Македонија.	**Трансфери на мигранти и други капитални трансфери:** пренос на средства поврзани со миграција на поединци од Република Македонија.
503	**Пренос помеѓу сметките на физички лица заради промена на статусот од резидент во нерезидент и обратно.**	**Пренос помеѓу сметките на физички лица заради промена на статусот од резидент во нерезидент и обратно.**
СТЕКНУВАЊЕ НЕФИНАНСИСКИ - НЕПРОИЗВОДНИ СРЕДСТВА		
505	**Продажба на права на интелектуална сопственост -** продажба на франшизи и трговски марки.	**Купување права на интелектуална сопственост -** купување франшизи и трговски марки.
506	**Продажба на недвижности на странски дипломатски претставништва во Република Македонија и од домашни дипломатски претставништва во странство:** *За продажбата на недвижности на други нерезиденти види Капитални трансакции - вложување во недвижности.*	**Купување недвижности на домашни дипломатски претставништва во странство и од странски дипломатски претставништва во Република Македонија:** *За купување недвижности од други нерезиденти види Капитални трансакции - вложување во недвижности.*
ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ		
Вложување на нерезиденти во Република Македонија		
510	**Основачки влог, зголемување на основната главнина на друштвото вклучувајќи и нова емисија на акции.**	**Пренос од остаток на ликвидациска маса.**
511	**Наплата од продадени акции или удели поседувани од резидент во домашно друштво, на нерезидент:** наплатата од нерезидентот ја прима резидентот - сопственик на акцијата/уделот.	**Повлекување капитал:** плаќање врз основа на продажба на акции и удели поседувани од нерезидент во домашно друштвото. *За дивиденди и други платени добивки од учество во капитал види Тековни трансакции - Доход од капитал.*
516	**Покривање загуба во домашно друштво.**	
Вложување на резиденти во странство		
515	**Повлекување на капитал:** наплати врз основа на продажба на акции и удели поседувани од резидент во странско друштвото, на нерезидент. *За дивиденди и други исплатени добивки од учество во капитал види Тековни трансакции - Доход од капитал.*	**Вложување во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на учеството на резидентот во капиталот на странското друштво.**
516		**Покривање загуба во претпријатие.**

	Вложување во недвижности	
518	**Продажба на недвижност во Република Македонија на нерезидент согласно со важечките законски прописи**. *За продажба на недвижности на странски дипломатски претставништва види Капитални трансакции - Продажба на непроизводни, нефинансиски средства.*	**Купување недвижност во Република Македонија во сопственост на нерезидент согласно со важечките законски прописи**. *За купување на недвижности на странски дипломатски претставништва види Капитални трансакции - Стекнување непроизводни, нефинансиски средства.*

519	**Продажба на недвижности во странство во сопственост на резидент согласно со важечките законски прописи.**	**Купување недвижности во странство во сопственост на резидент согласно со важечките законски прописи.**
	ПОРТФОЛИО-ИНВЕСТИЦИИ	
	Вложување во сопственички хартии од вредност	
513	**Продажба на домашни сопственички хартии од вредност на нерезидент.** *За удели види Останат капитал - Вложување во удели во нефинансиски друштва.*	**Купување домашни сопственички хартии од вредност во сопственост на нерезидент.** *За удели види Останат капитал - Вложување во удели во нефинансиски друштва.*
514	**Продажба на странски сопственички хартии од вредност во сопственост на резидент.** *За удели види Останат капитал - Вложување во удели во нефинансиски друштва.*	**Купување странски сопственички хартии од вредност од нерезидент.** *За удели види Останат капитал - Вложување во удели во нефинансиски друштва.*
	Останат капитал - Вложување во удели во нефинансиски друштва	
543	**Вложување во удели во домашни друштва со учество на нерезидентот во капиталот под 10%.**	**Повлекување удели во домашни друштва со учество на нерезидентот во капиталот под 10%.**
544	**Повлекување удели на резидент во капиталот на странско друштво (учество под 10%).**	**Вложување во удели во странски друштва со учество во капиталот под 10%.**
соодветна платна порака за пренос на денарски средства

Банката А:

- изготвува налог 746 (интерен налог);
- прима/изготвува платен инструмент за вршење на платниот промет во земјата за пренос на средствата на сметка на банката Б, пополнет на следниов начин:
  - *„повик на број задолжување"*:
  746/ 625
  (при што 746 - образец 746, 625 - шифра на основа);
  - „цел на дознаката":
  пренос на средства помеѓу нерезидентни сметки
  - *„примач"*:
  назив и сметка на нерезидентот (средствата се одобруваат директно на сметката на нерезидентот во банката Б).

- праќа соодветна платна порака за пренос на денарски средства со сите потребни податоци за исплата во банката Б;
- за потребите на Народната банка известува на образецот 746 (ВС 66), основ 625.

Книжи:
група 808 - тековна сметка на нерезидентот;
1000 - сметка на банката А.

Банката Б:

- врз основа на податоците од платната порака изготвува образец 746 (ВС 77);
- за потребите на Народната банка известува на образецот 746 (ВС 77) наведувајќи шифра на основот 625.

Книжи:
1000 - сметка на банката Б;
група 808 тековна сметка на нерезидентот.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА

3389.

Врз основа на член 75 став 3 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16 и 53/16), директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА
ГАРАНЦИЈАТА ЗА УВЕЗЕН ЛЕК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на гаранцијата дека секоја серија на увезен лек е во согласност со условите од одобрението за ставање на лек во промет или од одобрението за увоз на лек.

Член 2

Гаранцијата дека секоја серија на увезен лек е во согласност со условите од одобрението за ставање на лек во промет или од одобрението за увоз на лек (во натамошниот текст: гаранција) се поднесува на образец, на хартија во бела боја во формат А-4.Гаранцијата од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци: ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА, Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, кат 1, 1000 Скопје; архивски број и датум; ГАРАНЦИЈА ЗА УВЕЗЕН ЛЕК; Име на лек; АТЦ код; Меѓународно незаштитено име (International nonpropriatery name – INN); Фармацевтска дозирана форма, јачина и големина на пакување; Број на серија; Рок на употреба; Количина на увезениот лек; Проверка на бар код/дата матрикс; Визуелна проверка; Заклучок; Назив на увозникот; Вработено стручно лице; М.П.; Директор на увозникот.

Формата и содржината на гаранцијата од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-6972/3
22 јули 2016 година
Скопје

Директор,
м-р фарм.спец. **Марија Дарковска-Серафимовска**,с.р.

ПРИЛОГ

ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, кат 1, 1000 Скопје

Бр._____
_____ година

ГАРАНЦИЈА ЗА УВЕЗЕН ЛЕК

Име на лек
АТЦ код
Меѓународно незаштитено име (International nonpropriatery name – INN)
Фармацевтска дозирана форма, јачина и големина на пакување

Број на серија	Рок на употреба	Количина на увезениот лек	[1]) Проверка на бар код/дата матрикс	Визуелна проверка			
				[2])Надворешно пакување	[3])Внатрешно упатство	[4])Контактно пакување	[5])Изглед на производот

Заклучок:
Наведената/ните серија/серии на увезен лек во табелата е/се во согласност со:
- условите од одобрението за ставање на лекот во промет,
- одобрението за увоз на лек (документацијата аплицирана во exim),
- пропишаните услови за транспорт и чување на лекот.

Проверката е направена за секое пакување на лек.

Назив на увозникот:		М.П.	Директор на увозникот
Вработено стручно лице:			

[1]) Проверка на бар код/дата матрикс

Проверката подразбира читање на бар кодот/дата матриксот и истиот да се внесе во графата за секоја серија на увезен лек.
Бар кодот/дата матриксот треба да е јасно читлив.

[2])Надворешно пакување

Споредба на увезеното пакување со одобреното пакување во земјата на потекло.

[3]) Внатрешно упатство

Внатрешното упатство да се спореди со последното одобрено (во земјата на потекло) упатство за лекот од паралелен увоз.

[4])Контактно пакување

Контактното пакување треба да биде идентично со доставеното контактно пакување (од земјата на потекло) при постапката за регистрација на лекот кој е предмет на паралелен увоз.

[5]) Изглед на производот

Визуелна проверка на изгледот на готовиот производ

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

3390.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ГОВЕДА И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, СЕМЕ И ЕМБРИОНИ ОД ГОВЕДА, ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, ПРОИЗВОДИ И ПРЕРАБОТКИ ОД ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ОД ГОВЕДА, КАКО И НУСПРОИЗВОДИ ОД ГОВЕДА И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на говеда и диви преживари, семе и ембриони од говеда, говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија од Република Србија („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/16), во членот 1 во ставот (2) во алинејата 1 сврзникот "и" се брише.

По алинејата 1 се додава една нова алинеја 2 која гласи:

"- Бранчево, и".

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02 – 3676/4
26 јули 2016 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за храна и ветеринарство,
м-р **Зоран Поповски**, с.р.

3391.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, ПРОИЗВОДИ И ПРЕРАБОТКИ ОД ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ОД ГОВЕДА, КАКО И НУСПРОИЗВОДИ ОД ГОВЕДА И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

Член 1

Со ова решение се забранува увоз и транзит на говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија заради спречување на внесување на вирусот на болеста на чвореста кожа (Lumpy skin disease).

Забраната од став 1 на овој член се однесува на пратки кои потекнуваат од општините Плав и Гусиње во Република Црна Гора.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02 – 4117/1
22 јули 2016 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за храна и ветеринарство,
м-р **Зоран Поповски**, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3392.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/2011, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14,151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 53/16) и член 26 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ" бр. 28/13, 32/15, 126/15 и 112/16), постапувајќи по Барањето за утврдување на регулиран максимален приход, регулирана просечна цена за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2016 година, број 02-3428/1 од 12.5.2016 година, на АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје, на седницата одржана на 29 јули 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2016 ГОДИНА НА АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ – ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА СКОПЈЕ

1. Регулираниот максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2016 година, што ја испорачува АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа се определува да изнесува 140.847.316 денари за испорачани 41.272.320 kWh топлинска енергија.

2. Се одобруваат следните тарифни ставови за продажба на топлинска енергија за греење на тарифните потрошувачи на АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје од 1.8.2016 година:

Реден број	Група на корисник	Единица мерка	Цена од 01.08.2016 година
I.	СТАНБЕН ПРОСТОР		
а)	**Паушална наплата**		
а/1	На 12 месечни рати	ден/м²	35,05
а/2	На 6 месечни рати	ден/м²	70,10
б)	**Наплата со мерач**		
б/1	Топлинска моќност	ден/kW	882,9941
б/2	Испорачана енергија	ден/kWh	1,9525
II.	ДЕЛОВЕН ПРОСТОР		
а)	**Наплата со мерач**		
а/1	Топлинска моќност	ден/kW	1.501,0899
а/2	Испорачана енергија	ден/kWh	3,3192
III.	УЧИЛИШТА ОД ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ		
а)	**Наплата со мерач**		
а/1	Топлинска моќност	ден/kW	1.147,8923
а/2	Испорачана енергија	ден/kWh	2,5382

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-21/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

3393.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија” бр.16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 53/16), член 19 Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија” бр.21/11, 168/11 и 135/12), како и врз основа на Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ - Скопје („Службен весник на РМ“ бр.27/12 и 113/14), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи за вршење на регулирана енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2016 година на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, подружница Енергетика (во натамошниот текст: АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика) бр.02-3430/1 од 12.05.2016 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија под УП1 бр.08-22/16 од 12.5.2016 година, на седницата одржана на 29.7.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА И ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД ЕЛЕМ - СКОПЈЕ, ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА ЗА 2016 ГОДИНА

1. На АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика, за 2016 година, се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија да изнесува 79.868.442 денари.

2. Регулираната просечна тарифа за дистрибуција на електрична енергија за 2016 година се утврдува да изнесува 0,3331 ден/kWh за планирана испорака на 239.739.200 kWh електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија утврден со точка 1 од оваа Одлука, и тарифите за пресметковни елементи за пренос на електрична енергија за 2016 година утврдени со Одлуката за одобрување на регулиран максимален приходи, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД МЕПСО за 2016 година, тарифите за пресметковните елементи за категориите на потрошувачи, врз

основа на кои АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика, како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, им го фактурира надоместокот за користење на дистрибутивниот систем, изнесуваат:

Пресметковен елемент	Единица	Тарифи за пресметковни елементи (без вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија)		
		категорија на потрошувачи		
		висок напон (HV)	среден напон (MV)	низок напон (LV)
Врвна активна моќност	ден/kW	25,2556	120,7890	*
активна електрична енергија	ден/kWh	0,0179	0,0680	1,4138
Прекумерно превземена реактивна електрична енергија	ден/kvarh	0,0072	0,0272	0,5655

Пресметковен елемент	Единица	Тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија)		
		категорија на потрошувачи		
		висок напон (HV)	среден напон (MV)	низок напон (LV)
Врвна активна моќност	ден/kW	32,7677	128,3011	*
активна електрична енергија	ден/kWh	0,2353	0,2854	1,6312
Прекумерно превземена реактивна електрична енергија	ден/kvarh	0,0941	0,1142	0,6525

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-22/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

3394.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија” бр.16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 53/16) и член 15 од Правилникот за цени на електрична енергија за снабдување во краен случај („Службен весник на Република Македонија” бр.97/12), како и врз основа на како и врз основа на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на мали потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ - Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр.113/14 и 177/14), постапувајќи по Барањето за утврдување на регулиран максимален приход, просечна цена како и цени за пресметковни елементи за вршење на регулирана енергетска дејност снабдување во краен случај со електрична енергија за 2016 година на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, подружница Енергетика (во натамошниот текст: АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика) бр.02-3429/1 од 12.5.2016 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија под УП1 бр.08-23/16 од 12.5.2016 година, на седницата одржана на 29.7.2016 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, ПРОСЕЧНА ЦЕНА, КАКО И ЦЕНИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ ВО КРАЕН СЛУЧАЈ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД ЕЛЕМ - СКОПЈЕ, ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА ЗА 2016 ГОДИНА

1. На АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика, за 2016 година, се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување во краен случај со електрична енергија да изнесува 20.679.998 денари, за испорачани 3.741.186 kWh електрична енергија.

2. Просечната продажна цена на електрична енерги ја по која АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика, ги снабдува потрошувачите за 2016 година од:

- категоријата на потрошувачи приклучени на 6kV и 35 kV напонско ниво се утврдува да изнесува 4,7854 денари за kWh електрична енергија, и
- категоријата на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво се утврдува да изнесува 5,7546 денари за kWh електрична енергија.

3. Во согласност со точка 1 и точка 2 од оваа Одлука, цените на пресметковните елементи врз основа на кои потрошувачите ја плаќаат испорачаната електрична енергија, се утврдуваат да изнесуваат:

Пресметковен елемент	Единица	Време на испорака на електрична енергија во текот на денот	Цени за пресметковни елементи (денари)		
			Категорија на потрошувачи приклучени на 6kV и 35 kV напонско ниво	Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво	
				Прв тарифен степен	Втор тарифен степен
Активна моќност	kW		780,08	911,92	(*)
активна електрична енергија	kWh	ВДО	3,27	4,37	5,75
		НДО	1,61	2,14	
прекумерно превземена реактивна електрична енергија	kvarh	ВДО	0,73	1,09	2,01
		НДО	0,44	0,56	(*)

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-23/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

3395.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 06/16 и 53/16) и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13 и 33/15), постапувајќи по Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија УП1 бр.12-28/16 од 19.5.2016 година на Друштво за трговија со електрична енергија СЕЕ ПАУЕР ТРЕЈДИНГ ДООЕЛ Скопје, на седницата одржана на 28.7.2016 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за трговија со електрична енергија СЕЕ ПАУЕР ТРЕЈДИНГ ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса Аминта Трети бр.33А-1/17 Скопје, се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност трговија со електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија“, кој што е составен дел на оваа Одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 12-28/16
28 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштво за трговија со електрична енергија СЕЕ ПАУЕР ТРЕЈДИНГ ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса Аминта Трети бр.33А-1/17 Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Трговија со електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата:
28.7.2016 година

4. Датум до кога важи лиценцата:
28.7.2026 година

5. Евидентен број на издадената лиценца:
ЕЕ – 275.10.1/16

6. Број на деловниот субјект - 6953840

7. Единствен даночен број - 4044014509498

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

Како трговија со електрична енергија, во смисла на оваа лиценца се смета купување на електрична енергија од земјата и од странство, заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот и операторите на дистрибутивните системи како и продажба на купувачи во странство согласно член 81 од Законот за енергетика. Трговецот во својство на снабдувач може да продава електрична енергија и на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во пазарните правила.

Трговецот со електрична енергија, во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија која се обврзал да ја испорача на своите купувачи е должен да обезбеди доволен прекуграничен преносен и/или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со пазарните прави-ла, мрежните правила за пренос на електрична енергија и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија како и Правилата за доделување на прекуграничните преносни капацитети.

9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен и/или дистрибутивен капацитет.

10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.

11. Услови и начин на извршување на обврските на носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно купопродажните договори;

- обезбеди доволен преносен или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија за своите купувачи, согласно пазарните правила, мрежните правила за пренос на електрична енергија и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија како и Правилата за доделување на прекуграничните преносни капацитети;

- работи во согласност со правилата за пазар на електрична енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите;

- ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со пазарните правила;

- им фактурира на потрошувачите за испорачаната електричната енергија кога е во својство на снабдувач на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, согласно пазарните правила, како и за обезбедениот преносен и дистрибутивен капацитет и регулираните услуги, согласно превземените обврски за потрошувачите кога врши прекугранични трансакции;

- достави во определен рок до операторот на пазарот на електрична енергија информации за количините на електрична енергија и соодветниот временски распоред од сите договори за купопродажба на електрична енргија како и соодветните договори за прекугранични трансакции низ преносната мрежа во согласност со пазарните правила;

- достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за своите трансакции и деловни активности при продажбата на електрична енергија во својство на снабдувач, на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во пазарните правила;

- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;

12. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

13. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

14. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста, до Регулаторната комисија за енергетика

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за испорачаните количини на електрична енергија според купопродажните договори, согласно Табела 1 која е составен дел на оваа лиценца;

- испорачаните количини на електрична енергија да се доставуваат на квартално, но оддвоени по месеци;

- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност трговија со електрична енергија;

- како и други промени во работењето согласно правилникот.

15. Обврска за овозможување на пристап до деловните простории и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

16. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

17. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Табела 1 - ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
(се доставува на квартално и годишно ниво)

Корисник	Испорачани количини во текот на квартал: I, II, III, IV				Испорачани количини од почетокот на годината (квартално и сумарно)			
	Планирано согласно склучени договори		Реализирана количина на електрична енергија (kWh)		Планирано согласно склучени договори		Реализирана количина на електрична енергија (kWh)	
	месечно	квартално	месечно	квартално	квартално	годишно	квартално	годишно
Снабдувачи								
Самостојни потрошувачи								
Електро-преносен систем оператор								
Електро-дистрибутивен систем оператор								
Извоз и други трговци								
Транзит на ЕЕ								

3396.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15,192/15, 215/15, 6/16, 53/16), член 26 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 28/13, 32/15, 126/15 и 112/16), Постапувајќи по барањето бр.01-122/1 од 30.05.2016 година, на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје на седницата одржана на 29 јули 2016 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ДЕЈНОСТИТЕ ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2016 ГОДИНА НА ДРУШТВО ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ПАРЕА И ТОПЛА ВОДА СКОПЈЕ СЕВЕР АД - СКОПЈЕ

1. На Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за 2016 година, да изнесува 34.872.001 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 8.458000 kWh на ниво на производител и испорачана количина на топлинска енергија од 7.515.407 kWh, на ниво на мерно место.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, тарифните ставови за период од 1 август 2016 година се утврдуваат да изнесуваат:

Ред.бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	Цена од 01.08.2016
	КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/година	1.052,6123
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	2,2246
	КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/година	2.005,4370
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	4,2384

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-33/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

3397.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 53/16) и член 26 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ“ бр.28/13, 32/15, 126/15 и 126/16), постапувајќи по Барање за одобрување на Регулиран максимален приход и цена за снабдување со топлинска енергија на СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр.03-1700 од 31.5.2016 година, на седницата одржана на 29 јули 2016 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА 2016 ГОДИНА НА СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 1.429.865.815 денари за 2016 година за испорачана количина на топлинска енергија од 443.052.991 kWh,

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, трошокот за набавка на топлинска енергија, системски услуги и за услуга дистрибуција на топлинска енергија изнесува 1.271.508.461 денари, за набавени 443.052.991 kWh на излез од дистрибутивната мрежа.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, регулираниот максимален приход за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 158.357.354 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 443.052.991 kWh, на ниво на мерно место.

4. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (“Сл.весник на РМ“ бр.99/13, 113/14, 127/15 и 139/16), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

Ред бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	цена од 01.08.2016
	КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	1.020,9793
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	1,9245
	КАТЕГОРИЈА ОБРАЗОВАНИЕ		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	1.020,9793
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	1,9245
	КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	1.429,3710
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	2,6943

5. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-34/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

3398.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 53/16) и член 26 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ“ бр.28/13, 32/15, 126/15 и 112/16), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2016 година бр.08-35/16 од 31.05.2016 година, на ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, на седницата одржана на 29 јули 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕЈ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ, НАДОМЕСТОК ЗА СИСТЕМСКИ УСЛУГИ И СИСТЕМСКА РЕЗЕРВА И ТАРИФЕН СТАВ ЗА ПРОИЗВЕДЕНА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА 2016 ГОДИНА НА ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На друштвото за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се утврдува регулираниот максимален приход за вршење на регулираната дејност производство на топлинска енергија за 2016 година да изнесува 930.577.921 денари за произведена количина на топлинска енергија од 444.382.308 kWh.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, и согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Сл.весник на РМ“ бр.99/13, 113/14, 127/15 и 139/16), се утврдуваат месечниот надоместок за системски услуги и системска резерва и тарифниот став за производство на топлинска енергија на ниво на регулиран производител за 2016 година:

РЕГУЛИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА	Единица мерка	од 01.08.2016 година
Месечен надоместок за системски услуги и системска резерва	ден/месец	14.925.965
Тарифен став за произведена топлинска енергија на регулиран производител	ден/kWh	1,6910

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-35/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

3399.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15,192/15, 215/15, 6/16 и 53/16) и член 26 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ“ бр.28/13, 32/15 и 126/15 и 112/16), постапувајќи по Барањето за определување на максимален приход и цена за 2016 година на ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр.03-1803 од 31.5.2016 година, на седницата одржана на 29 јули 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2016 ГОДИНА НА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност дистрибуција на топлинска енергија за 2016 година во износ од 1.271.508.461 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 443.052.991 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, трошокот за набавка на топлинска енергија и системски услуги од регулираниот производител на топлинска енергија изнесува 930.577.921 денари, за набавени 444.382.308 kWh на влез во дистрибутивната мрежа.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, трошокот за набавка на топлинска енергија од нерегулиран производител на топлинска енергија изнесува 97.336.598 денари за набавени 59.087.000 kWh.

4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, регулираниот максимален приход за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 227.955.465 денари за дистрибуирана количина на топлинска енергија од 443.052.991 kWh до крајните потрошувачи.

5. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1, на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на РМ“ бр. 99/13, 113/14, 127/15 и 139/16) се утврдуваат следните тарифни ставови за дистрибуција на топлинска енергија за 2016 година на ниво на дистрибутер:

Д И С Т Р И Б У Ц И Ј А	Единица мерка	од 01.08.2016 година
Месечен надоместок за услуга дистрибуција на топлинска енергија	ден/месец	15.208.829
Тарифен став по кој дистрибутерот ја продава топлинската енергија на снабдувачот	ден/kWh	2,0537

6. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

7. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-36/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

3400.

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец јуни 2016 година, во однос на месец мај 2016 година, е на исто ниво.

2. Исплатата на платите за месец јуни 2016 година, во однос на месец мај 2016 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
Диме Спасов, с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Ангела Атанасова
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2016141